# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Третото продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 октомври 2005 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Јанаки Витановски, Весна Бороза, Цветанка Витанова, Благоја Гешоски, Ристе Бислимовски, Андреј Жириновски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Ејуп Рустеми, Абдулаки Адеми, Фазли Велиу, Абдуладі Вејсели, Љубчо Георгиевски и Рафет Муминович не известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 18 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со предлог на закон.**

Има збор господинот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитувани колеги пратеници предлогот кои што го поднесоа пратениците на ВМРО-Народна партија за измена на законот за употреба на знамињата на етничките заедници, не е случајност и не може да се третира само онака како што се третираше во излагањата на некои, односно во репликите на некои колеги пратеници, а тоа е дека преку ова се сака да се постигне некаков популизам, или незнам што.

Сметам дека сериозноста која што треба да се пристапи кон ова прашање, произлегува од неколку прашања кои што треба да бидат одговорени на оваа седница и преку овој предлог за измена на законот за употреба на знамињата на етничките заедници.

Првото прашање, на кое што треба овој парламент да одговори и одговори со донесувањето на законот за употреба на знамињата, е тоа, дали помалите етнички заедници имаат право на употреба на знаме, како израз на националниот идентитет.

Јас на ова прашање, исто така, одговарам со да. Затоа што знамето, етничката заедница го доживува како израз на некакви историски традиции, на некакви случувања во минатото, кои што значат поврзување со колективниот дух, што ја гради таа етничка заедница, односно тој дел од одреден народ.

Меѓутоа, второто прашање на кое треба да се одговори е дали етничката заедница има право да употребува знаме, кое што е знаме на друга држава. Значи, да употребува знаме на дтуга држава.

На ова прашање се одговара и сите се согласија дека ќе одговориме со не. Тука и Албанските политички партии, односно ДУИ, како претставник на власта и при донесувањето на законот за употреба на знамињата, самиот призна, или негови претставници признаа дека навистина, претставува пробем, тоа што се употребува знаме на туѓа држава.

Меѓутоа, тоа го облазложија, со тоа што знамето на туѓата држава Албанија, претставува и национално знаме на албанскиот народ. Тоа беше аргументацијата со која што овој парламент на 15 јули оваа година го донесе законот за употреба на знамињата, заедно со сите други одредби кои што дефинитивно дадоа државна функција, односно израз на употребата на знамето, не само како израз на националниот идентитет, туку израз на суверенитетот, на територијалниот суверенитет, односно една димензија која што со целта која требаше да се оствари со тој закон, не можеше да ја има. Кое е албанското знаме? Албанското знаме е знамето на албанската држава, или албанското знаме е знамето кое што треба да го користат Албанците во Република Македонија, треба да биде различно од знамето на државата Република Албанија.

Сите сме свесни исто така, по ова прашање дека знамето кое што го употребуваат Албанците во Република Македонија, треба да си го одберат сами, меѓутоа, тоа треба да биде различно од државното знаме на Република Албанија, макар и по делови, кои што ќе значат одбележување на суверенитетот, односно на тоа дека тие се припадници на Албанскиот народ, не на Албанскиот народ на Балканскиот полуостров преку знамето, туку на Албанскиот народ кој што живее во Република Македонија. Тоа е една најмала, ако сакам да ја кажам отстапка, затоа што согласно законот кој што се донесе, сега можеме да зборуваме за отстапки од страна на албанските политички субјекти, знамето кои што го употребуваат, треба да биде употребен и елемент, кои што ќе биде израз на македонскиот суверенитет на тие простори, односно израз дека се работи за дел од Албанскиот народ кој што живее во Република Македонија и ја гледа својата иднина преку иднината на Република Македонија.

За жал, ова ние не го видовме, таква волја не беше покажана од страна на албанските политички субјекти и тоа дефинитивно значи дека она што го зборував предходно, дека знамето на Република Албанија се зема како сеалбанско знаме, знаме кое што треба да го употребуваат сите Албанци кои што живеат на територијата на Балканскиот полуостров, а тоа пред се, може да значи само едно дека тие Албанци имаат намера еднаш, во некое идно време, незнам кога да се

обединат и на тој начин да покажат преку знамето една политичка намера, која што треба да произлезе од веењето на тоа знаме.

Меѓутоа, тоа на сите ни е јасно, сите знаеме дека целта на истакнувањето на Албанското знаме, не беше самоизразување на националниот идентитет, затоа што националниот идентитет, пред се преставува употреба на јазикот, почитување на верата, пожитување на културата и традициите кои што ги имаат одреден етникум.

Овде, во овој случај, преку знамето не се прикажува ништо од тоа, единстветно што се покажува е тоа дека тоа претставува одреден коливилитет кои што сака да употребува знаме, кое што иако е знаме на туѓа држава, го смета за знаме на народот на кои што тој етникум, како дел припаѓа.

Понатаму, употребата на ова знаме се сфаќа како употреба во државна смисла пред се, затоа што употребата како израз на националниот идентитет, може да се направи преку изразот кои што го имаат знамињата на граѓаните, жители на одредена општина, која што има исто така право да си определи свое знаме.

Одтука, сметам дека правото на Албанците во оние општини каде што се мнозинство, да го изберат знамето на општината, фактички значи можност тие да одберат знаме кое што ќе биде израз на таа децентрализирана управа, каде што тие се мнозинство, каде што имаат свои градоначалници и каде што имаат свои совети и на тој начин преку нив ги остваруваат сите оние надлежности, кои се однесуваат на секојденвното живеење н граѓаните кои што живеат во тие општини. Меѓутоа, ова не е доволно и се појавува употреба на знаме на туѓа држава, како израз, како што се кажува тука на националниот идентитет, меѓутоа, изразот на национален идентитет не може да преставува, претставување на културата и традициите на дел од еден народ во ситуации кога тоа се употребува во државна смисла при пречек на делегации, при посета на високи странски претставници и така натаму, сето она што претставува и државното знаме на Република Македонија.

Значи имаме два проблема. Првиот проблем е употребата на знаме, кое што е знаме на туѓа држава.

Вториот проблем е употребата на тоа знаме во државна смисла, како израз на суверенитет на одредена територија

Третиот проблем е во тоа што изразот на национален идентитет што треба да го претставува тоа знаме не се сваќа и не се применува на начин, кој што е предвиден со законот кој што беше донесен во јули месец оваа година.

Понатаму, како е утврдено знамето на Албанцита? Дали Република Македонија како држава имаше обврска да определи постапка во која што ерничките заедници ќе можат да си определат свое знаме на легален, легитимен начин и врз основа на таа процедура да произлезе одлука од надлежен државен орган, кој што ќе даде согласност за прифаќање на одредено знаме, кое што нема да биде израз на негација на државниот суверенитет на Република Македонија.

Вака како што е поставена ситуацијата, во Република Македонија секоја етничка заедница може да вее знаме на било која држава сака. Секој поединец во Република Македонија може да вее знаме на било која држава од светот, без оглед дали тоа директно ги засега интересите на Република Македонија, дали тоа ги иритира одреден број граѓани во Република Македонија и беа оглед на сето тоа што се прави, без никаква нормираност, што мораме да се согласиме дека со законот со употреба на знамињата не е постигнато.

Затоа, сметам дека единствено она што се постигна со донесувањето на тој закон, тоа е реализацијата на договорот, кој што беше постигнат помеѓу СДСМ, ДУИ и ЛДП, за донесување на закон за знамињата на етничките заедници, каде што максималните барања кои што беа дадени од страна на ДУИ пред се, беа прифатени од страна на другите колициони партнери на власт и на тој начин дојде до овој закон кој што преставува уникатен, единствен пример во светот, затоа што само Република Македонија е таа во која што се озаконува употреба на туѓо државно знаме на нејзината територија.

Мена ми е чудно зошто во тој закон вие не напишавте дека Албанците ќе го употребуваат државното знаме на Република Албанија, Србите на Република Србија, Бугарите на Република Бугарија, Грците на Република Грција итн., па така да направите еден закон во кој што навистина, ќе биде одредено знамето во кое што секој странец, или секој припадник, граѓанин на Република Македонија со етничко потекло кои што е на друга држава, се извинувам го заборавив и турското знаме, значи ќе меже да го употребува знамето на неговата, ако може да се каже матична држава, затоа што тие држави се формирани врз основа на народот како носител на суверенитетот на тие држави и пред се, знамињата кои тие ги употребуваат се израз на суверенитетот на народот во тие држави, за разлика од Република Македонија, каде што се донесе едно, ако може така да се каже, граѓанско знаме, знаме кое што е израз на суверенитетот на Република Македонија, кое што произлегува од сите граѓани на Република Македонија. Жално е што на овој начин, со неприфаќањето на предлогот кој што доаѓа од пратениците на ВМРО Народна партија и со негирањето на овие предлози се дава до знаење дека она што е постигнато како некаков договор, тоа мора да важи, независно од агрументираноста, за реалиација, практична реализација И она што претставува последица од

примената на таков закон, не може да претставува придобивка за Република Македонија.

Значи, овие се неколку работи, кои што сакав да ги кажам како аргументација за предлагањето на измените на овој закон и тоа можам да го потврдам со сите оние дискусии кои што беа тука презентирани во текот на донесувањето на законот за употреба на знамињата на етничките заедници, меѓутоа, мора да се сфати една работа дека од сите меѓународни правни правила, правни норми, суверинитетот, доколку државата претендира на некаков суверинитет, е неделив, неотуѓив, непренослив. Значи, не може да се дели доколку зборуваме за унитарна држама, не може да се оутѓува, заради почитување заради национален идентитет, затоа што ако тоа е така, тогаш на тоа знаме треба да има дел кој што ќе го разликува тоа знаме од државното знаме на Република Албанија. Не може да се пренесува на никого, освен на граѓаните на Република Македонија, значи сите државјани на Република Македонија кои што живеат тука, или надвот од државата, а навистина ја чуствуваат Република Македонија како своја матична држава.

Фактот што со употребата на знамето, се доведе во прашање суверенитетот И изразот на суверенитетот на Република Македонија, фактот што со неодбележувањето на границата со Косово се уште не е дефиниран во целост територијалниот интегритет на Република Македонија, со обележување на таа граница, фактот што политичката независност ни зависи од многу прашања, кои што значат прашања за името, сега слушаме е актуелно е решавањето на проблемот со името со Грција, потоа со прашањето на верските слободи и права во Република Македонија и многу други прашања кои што значат создавање на вистинска демократска држава, очекуваме да биде дел од Европското семејство на народите. Фактот што сето тоа се занемарува, што сето ова што се прави, вклучуваајќи го тука законот за знамиња кои што беше прв чекор, а се надевам дека нема да продолжи во тој правец и со законот за употреба на јазиците кој што се најавува постојано, меѓутоа го нема уште да дојде. Република Македонија ќе успее да ги реши основните предуслови, кои што ќе значат функционалност на државните институции пред се, функционалност на политичкиот систем во Република Македонија, а функционалноста претпоставува не само реформи во судството, не само реформи во администрација, не само вработување, согласно етнички клуч на припадници на етнички заедници во јавната администрација. Она што значи придружување на Република Македонија, демократизација на Република Македонија, може ќе значи самоовозможување на еден функционален државен систем во кој што знамето на етничката заедница дали ќе се вее, или нема да се вее некаде, нема да биде проблем за таа етничка заедница.Проблем ќе биде дали тоа знаме кое што се вее претставува повреда на суверенитетот на таа држава Република Македонија, и дали оние кои што го веат тоа знаме можат да живеат и да се чуствуваат нормални граѓани на оваа држава во едни демократски односи, како што е нормално, согласно уставот и законите функционираат и институциите на системот.

Јас сметам дека и самото донесување на законот на знамињата претставува една пополистичка мерка, која што му беше потребна на ДУИ, за да го поткрене својот рејтинг кај албнскиот електорат, каде што и онака и без тој закон си го вееше знамето на Република Албанија, меѓутоа , на овој начин сакаше да се покаже преку една медиумска поддтшка и преку говорницата на овој парламент, дека еве, и ние нешто правиме за албанскиот народ, а албанскот народ и натаму за жал, тоне во сиромаштија како и македонскиот народ како и сите други граѓани на Република Македонија.

Жално е што она што претставуваше обврси од Рамковниот договор, се претворија во создавање на политички поени пред сопствените гласачи, без, притоа да се создаде една функционалност на државниот систм, на политичкиот систем во Република Македонија, каде што сите ние заедно ќе можевме да константираме и после два месеца од донесувањето на овој закон, ако преставува проблем за некакви економски активности, за некакви унапредувања на состојбите воотшто во Република Македонија ќе покажеше дека донесувањето на законот на етничките заедници не бил проблем, туку проблем е неспособноста на оваа власт да се справи со проблемите кои што ја тиштат Република Македонија, а сето тоа го пренасочува во проблеми кои што воопшто граѓаните во Република Македнонија не ги чуствуваат со таков интензитет со кои што се прикажуваат тука.

Затоа сметам дека прифакањето на предлогот во Република Македонија, знамињата на етничките заедници да се разликуваат од знамињата на туѓи држави, ќе претставува само еден израз на волја на зголемување на довербата која што ќе постои помеѓу различните етнички заедници во Република Македонија и македонскиот народ и на тој начин ќе се овозможи создавање функционалност во Република Македонија, во смисла на решавање на други проблеми, кои што се многу поприоритетни од овие со кои се занимава Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски. Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Од името на предлагачите би сакал да кажам на кратко, со оглед дека во вчерашната расправа повеќе се задржавме на причините поради кои предлагаме да се донесе овој закон, а можеби малку обрнавме внимание на тоа што е текст на законот, поточно што нудиме.

За да нема забуни, чувствувам потреба да го искажам она што е предлог од наша страна.

Покрај воведното излагање и покрај она што во најголем дел од дискусиите искажавме во врска со потребите од донесувањето на измените, би се задржал сега на оние неколку членови кои предлагаме да бидат изменети. Нашиот предлог содржи осум члена,

Во членот 1 предлагаме да се замени, односно да се промени членот 2 став 2, поточно, во тој член по зборот "особености" точката да се замени со запирка и да се додадат зборовите "а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава". Тоа јасно укажува што би дефинирале под знаме во смисла на тоа знаме кое би требало да се употреби како знаме на етничките заедници и дефинираме дека до тоа знаме можат да го употребуваат она знаме кое заедниците го употребиле, го избрале како знаме за искажување на својот идентитет и особености, а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава. Не би сакал сега да ги повторувам истите дискусии, но во суштина сметам дека овој член со ваквата одредба со она што ние го предлагаме би бил покомплетен и целисходен на она што значи знаме на етничка заедница и она што значи државно знаме. Вака како што стои сега членот 2 отвора можност под знаме за изразување на свој идентитет и особености може да се користи и знаме на туѓа држава, што дефакто го имаме во овој момент. Со додавањето на нашиот член 1 нема ништо битно да се изгуби ниту некој ќе биде повреден или некој ќе сврти внимание кон таквата работа.

Во членот 2 предлагаме, во членот 3 зборовите "во јавниот, службениот и приватниот живот" да се бришат. Сметам дека нема потреба да се истакнува дефинирање каде може да се истакне знамето на етничките заедници, затоа што јавен, службен и приватен го опфаќа комплетниот живот, така што сега нема потреба да се двојат, зошто да се разграничуваат, кога во суштина и според главната интенција на текстот на законот е јасно дека знамето на етничките заедници се истакнува секаде онаму каде што самата етничка заедница смета дека треба да биде истакнато, со тоа што во натамошниот текст се дефинира во кои случаи и како треба да биде истакнато знамето.

Тоа е истото и во членот 3 и главата да се брише.

Сега ќе се осврнам на членовите 4 и 5 кои ги предлагаме, што се измени на членот 5 и членот 6, каде што зборовите "покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа етничка заедница" во членот 5 и во членот 6: "доколку се истакне знамето на таа етничка заедница се истакнува и знамето на Република Македонија", ние предлагаме да стои: "постојано се истакнува знамето на Република Македонија, а пред овие објекти може да се истакне и знамето на таа заедница". Чувствувам потреба дека сум должен да објаснам зошто тоа го предлагаме.

Ако тргнеме од сегашното решение, значи сегашната одредба, ако внимателно се прочита и со правнички речник се анализира, кога ќе го прочитате, да не го читам сега комплетниот текст, меѓутоа самите зборови "покрај знамето на Република Македонија се истакнува и знамето на таа заедница" јасно е дека оваа одредба е облигаторна одредба, што значи во секоја ситуација, во секој момент, во оној момент кога ќе се истакне знамето на Република Македонија покрај него мора да биде истакнато и знамето на таа заедница. Така гласи сегашниот текст. Ние мислиме дека не може да имаме равенство на еднаквост меѓу државно знаме и знаме на етничка заедница, независно какво знаме ќе биде тоа. Дури и да се прифати предлогот кој што ние го имаме во овој текст, значи дури и таков предлог да се усвои не може да се идентификува знамето на етничката заедница со државното знаме и заради тоа одредбата не може да има облигаторен односно задолжителен карактер. Од тие причини, логично е, верувам ќе се согласите дека секаде во сите демократски земји, ако бараtame со правна терминологија треба да стои изразот онака како што ние го дефиниравме, а тоа е постојано да се истакнува знамето на Република Македонија затоа што тоа е белег на држава, тоа е белег на суверенитет, знаме кое е заедничко за сите граѓани во Република Македонија како белег на суверенитет и државност, а пред овие објекти да се истакне и знамето на етничките заедници. Тоа би било навистина логично и суштински.

Тука веднаш логички ќе се постави прашањето, ако сите етнички заедници или сите граѓани во Република Македонија своето државно знаме го чувствуваат како свое, што е логички да го чувствуваат, бидејќи се жители на оваа држава, независно што се по националност, зошто да мора со облигаторна норма да бидат задолжени, покрај тоа знаме иако го чувствуваат како свое знаме, да мора да истакнам знаме на мојата етничка припадност. Значи не можете вие со граѓаните, со некаква норма да му определите дека покрај државното мора да се истакне и знамето на етничката заедница, а ако понатаму се читаат останатите одредби од текстот ќе видите дека само во дадени ситуации за одреден процент жители и тн. може да се истакне знаме, што значи дека сите етнички заедници нема да имаат таква привелегија. Оттука, вака дефинираната норма со облигаторен какратер ја привелегира само едната етничка заедница во Република Македонија, која е застапена над 25% во Република Македонија, што значи доаѓаме до она кое е можеби и најголем проблем, кога се зборува да се веат две знамиња, а другите да бидат на некој начин запоставени. Тоа е во одредбата во членот 5.

Во членот 6, самата формулација кога ќе ја прочитате - "во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа"-значи повторно станува

збор за мнозинство, не може секоја етничка заедница како ќе и текне тоа да го направи. Доколку се истакне знамето на таа заедница, се истакнува и знамето на Република Македонија- навистина нелогична одредба. Нелогична, дури и апсурдна: значи доколку се истакне знамето на заедницата, да се даде приоритет на знаме на етничка заедница пред знаме на државата навистина е апсурд. Јас знам дека имаше голема расправа по членовите 5 и 6 во оној момент кога се донесуваше овој текст на законот, а мислам дека произлезе и некој компромис токму од ваквата содржина на амандманот кој мислам дека беше поднесен од нашата пратеничка група за една модификација од страна на Владата, тој се усвои вака, меѓутоа, и вака не е во ред. Не можете да дадете предност на нешто што треба да биде од секундарен карактер, секогаш имате нешто што е доминантно, а секогаш е доминантно знамето на државата. Според тоа, одредбата која и тогаш беше како амандман, за која имавме поддршка од сите пратеници од опозицијата, но мислам дека тука имаше и пратеници од позицијата кои го поддржуваа нашиов амандман. Затоа, логично, и не само логично туку и правно, ако се земе терминолошки да се каже: Во единицата на локалната самоуправа согласно член 2 од овој закон постојано се истакнува знамето на Република Македонија, а може да се истакне и знамето на таа заедница, што би било поадекватно и посуштински. Тука нема никаква грешка. Јас не знам што е опасноста и неприфаќањето кај колегите, а особено таа чувствителност и опасност ја гледаат колегите од албанската етничка заедница што мислат ако постои една ваква формулација каква што сега ја предлагаме би дошло до злоупотреба односно неможност да се употребува албанското знаме онаму каде што тие избрале. Значи дури и да отпадне можноста да се измени членот 2, не ја гледам причината поради која би била опасност, ако на овие манифестации, при меѓународни средби, натпревари и други собири, секогаш е логично постојано да се истакне знамето на државата, а покрај него да може да се истакне и знамето на етничката заедница. Самото давање можност не значи и забрана, не значи неможност. Според тоа, и така формулирана одредбата нема да го узурпира правото на етничката заедница да го истакне своето знаме, но на еден начин на кој треба да биде квалификуван и како што треба да биде според сите меѓународни стандарди и правила, но и според една правна терминологија. Значи нема логика, апсурдно е да се каже, доколку се истакне знамето на таа етничка заедница се истакнува и знамето на Република Македонија или во превод би значело, доколку не се истакне знамето на етничката заедница нема да се истакне и знамето на Република Македонија. Значи уште еден апсурд. А кога ќе кажете постојано се истакнува знамето на државата, тогаш нема алтернативи и нема врзување со некое знаме кое е од секундарен карактер. Јас верувам дека колегите пратеници кои се правници ќе се согласат со ова што го кажувам, меѓутоа, можеби нема да стиснат на копчето "за", а сигурно ќе се согласат затоа што тоа е единствената логика и тоа е единственото правило како треба да се пишува закон. Но на нас не ни е тоа новина, ние знаеме да пишуваме закони а по три месеци да ги менуваме, затоа што во праксата ќе се покаже дека таквите закони или не држат вода или никој не може да ги разбере.

Во истиот член предлагаме ставот 2 да се брише, затоа што "знамињата се истакнуваат истовремено пред и во објектите" нема потреба да стои, затоа што навистина глупо е и неблагодарно во закон да се определи каде треба истовремено да стои знамето. Зошто мора да стои истовремено и внатре и надвор нека си одлучат самите организатори на тие средби каде би го истакнале знамето, дали надвор, дали внатре во објектите и тн.

Понатаму, во текстот на нашиот предлог, членот 8 од Законот го менуваме во целина и ќе ви кажам зошто. Затоа што овој текст кој што сега постои навистина не можам да кажам некој посоодветен збор, освен дека тотално е исто така нелогичен. Еве, да ве уверам, јас ќе го прочитам членот 8 на постојниот закон. Во него стои: "Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата, а се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница се истакнуваат на следниот начин кога: знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата и знамето на единицата на локалната самоуправа", значи веќе три знамиња,"знамето на Република Македонија се истакнува во средината, додека знамето на заедницата е два метри надесно гледано однапред, знамето на единицата на локалната самоуправа два метри налево од државното знаме". Значи не станува збор за друго. И уште една точка има: "знамето на Република Македонија е истакнато заедно со знамето на заедницата, знамето на заедницата е надесно гледано однапред од знамето на Република Македонија" и тн., а никаде не стои одредба со која ќе се дефинира разлика меѓу државно и етничко знаме. Кога ќе погледнете на местото каде што се истакнуваат овие знамиња не можете да ги видите сите по исти ранг, независно дали некое знаме е два метри десно или два метри лево, затоа што сигурно дека граѓаните на Република Македонија не ги знаат овие прописи и не можат секогаш да знаат дека државното знаме ќе биде на средина, а два метри подесно од него ќе биде знамето на етничката заедница, две метри лево од него ќе биде знамето на локалната самоуправа, три метри над нив сите ќе биде знамето на Европската унија, а под нив не знам кое. Навистина е апсурд. На обичниот граѓанин да му кажете дека има разлика меѓу тие знамиња за да може тој да сфати дека станува збор за знаме на етничка заедница, дека станува збор за

државно знаме, за знаме на локална самоуправа, тие знамиња не можат на овој начин да бидат истакнати и во секој случај доминантно мора да биде државното знаме, независно дали тоа знаме е на Република Македонија или не знам кое, затоа што во сите држави во светот така е. Затоа, почитувани колеги предлагаме комплетно членот 8 да се измени и нашиот текст би гласел:

"Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани и припадници на заедницата, а се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа кога знамето на Република Македонија се истакнува заедно со знамето на единицата на локалната самоуправа", значи се вели "кога", не облигаторно туку факултативно, не секогаш туку во оние моменти кои се утврдени со законот, тогаш знамето на Република Македонија се истакнува на прво место, од левата страна оддалечено два метри, повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и од другите знамиња. Значи тука има логика, едно што е прво, второ што е повисоко и трето што е поголемо од останатие знамиња.

Така, почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на секого ќе му биде јасно дека она што е повисоко, она што е поголемо значи дека е доминантно во однос на останатите. Така може да има логика и така може овој закон навистина да биде закон. Се друго, верувајте, онака како што е текстот и како што сега е законот во сила, е чиста демагогија или задоволување на апетити на некого само заради очекување на некаква коалиција или некаква желба за натамошна соработка или некој како тоа го нарекува, соживот. Значи, ако сакаме да градиме навистина држава која не само што ќе ги имплементира законите на Европската унија, туку таму треба и да се најде што поскоро, ние не можеме да измислуваме топла вода кога е веќе измислена, ние треба да ја спроведеме и примениме. Не на еден семинар сме биле каде што не учат дека ние треба да го имплементираме тоа законодавство, а не ние да нудиме некои решенија на кои се чудат и самите држави околу нас. Ако сакаме да сфатиме сите овде дека навистина Република Македонија е држава на сите граѓани, тоа треба да го истакнеме и да го видиме. А како се истакнува? Со грбот над вас, почитуван претседателе, со знамето до вас и тн. Според тоа, текстот и она што ние го нудиме мислам дека може и треба да се прифати и никому ништо нема да биде одземено од она што овој закон го предвидува, ако сакаме навистина да имаме закон кој ќе ги положи сите тестови и на времето но и на експертите кои го анализираат и на меѓународната јавност. Според тоа, како држава и како народ да покажеме и пред светот дека знаеме ние да напишеме закон како што треба, а не како што некому му чини според неговата желба и волја. Благодарам.

**Љупчо Јорданвски:** Благодарам господине Караџоски.

За реплика се јави господинот Аднан Јашари. Повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Иако лично одлучив да не реплицирам, затоа што за оваа проблематика е зборувано многу и сето она што мислев да го кажам сум го кажал на седницата кога се расправаше за законот. Меѓутоа, имајќи предвид дека почитуваниот колега Караџоски неколку пати постави едно прашање кое во суштина не е политичко туку правно прашање, сакам да му одговорам. Покрај другото, постави прашање зошто со опрделена норма вклучена во законот за употребата на симболите на етничките заедници се вели дека првенствено треба таму каде што ќе се употребува симболот на етничката заедница да се употреби симболот или државното знаме. Тоа е така почитуван колега затоа што со овој закон или основно прашање кое се уредува со овој закон е прашањето кое е во однос на употребата на симболите на етничките заедници. Додека прашањето за државното знаме е уредено со еден друг закон или законот за употреба на државното знаме. Тука мислам дека не треба да има никаква дилема од правен аспект. Инаку факт е дека ви сте предложиле вакви измени со една намера или цел, сакајќи да добиете политички поени и преминувајќи веќе не во оние професионални прашања туку во вистински правни прашања и секогаш настојувате ова прашање да го третирате повеќе од политички аспект, а не од реален аспект, така како што ќе треба да се третира.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Јашари, значи политички маркетинг воопшто не ни е потребен. Тоа ќе го видите за брзо време кога ќе бидат изборите, значи и воопшто да не гукнеме, вие ќе паднете од власта затоа што така добро работите што веќе му се смачило на народот. Од друга страна сами се демантирате со тоа што кажувате дека овој закон ги уредува Законот за знамињата на етничките заедници, а дека постоел еден закон, тоа е Законот за државното знаме. Значи самите вие потврдувате дека овој закон е од секундарен карактер. Ако е тој од секундарен карактер не можете вие се она што овој закон регулира да го ставите пред оној закон кој што зборува за државното знаме. Така што овој закон мора да биде усогласен со тој што е доминантен закон, а не да предничи пред него.

**Љупчо Јордановски:** Три минути, господинот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Најпрво сакам да кажам дека го следам два дена сега и пред два месеца и неколку дена колегата Караџоски и изненаден сум во негативна смисла бидејќи не очекував од еден

така искусен пратеник да се однесува вака по ова прашање, да манипулира со јавноста и со граѓаните на Република Македонија. Беше во три, или четири наврати, мислам три наврати пратеник во Собранието и учесник во сите овие настани за кои денес разговараме. И затоа ќе морам да го потсетам на некои работи. За време на владеењето на неговата партија ни се случи војна. Тоа е ноторен факт. Таа војна заврши со Рамковен договор. Во тој Рамковен договор се обврзавме дека ќе го спроведеме од точка до запирка, во тој Рамковен договор имавме обврска преземена пред меѓународната заедница да се донесе нов закон за употреба на знамињата не на малцинствата како милуваа да кажуваат сега, туку после 2001 година, етничките заедници. Во Уставот беше вградено и се обврзавме овој закон во нивно време да се донесе со Бадинтерово мнозинство. Што тоа значи, совршено му е јасно на мојот искусен колега. За меѓународната заедница навистина не е битно каков ќе биде законот, дали ваков, или инаков. Но, за меѓународната заедница е битно да се донесе тој закон и меѓународната заедница за брза интеграција на Република Македонија во евроатланските структури единствено побара донесување на закон. А господинот Караџоски сакам да ми објасни како ќе се донесе овој закон што го предлага тој со Бадинтеровото мнозинство? Еве, сите од СДСМ и ЛДП ќе гласаме за твојот предлог. Што ќе се случи со второто гласање со Бадинтеровото мнозинство кое вие го донесовте во Рамковниот договор. До 1998 година господине Караџоски слободно си шетавте и знамето на Република Македонија беше на цела територија на државата. Од 1998 година до 2002 година, 2003 година до пред два месеци македонското знаме не постоеше на територијата на цела Западна Македонија и Кумановско-Липковскиот регион. Од пред два месеци се врати македонското знаме главното обележје на државноста на една држава. До 1998 година слободно и безбедно се шетавте низ цела држава. Од 1998 година до 2002 година го прелетувавте магистралниот пат Скопје-Охрид, па одевте заедно со премиерот и сите министри или со хелихоптер, или преку Битола и Ресен. Сега пак слободно си шетаме и одиме низ цела територија. Знам дека ќе ми одговорите, ама не е така во Челопек и во Кондово. Но, верувајте тоа што го растуривте четири години неможе да се врати наеднаш. Ни треба уште малку.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Гештаковски, значи најискрено ви посакувам да добиете уште еден мандат пратеник затоа што очигледно во овој мандат ништо не научивте и ви треба минимум уште еден мандат за да ги научите основните работи. Вие ако сакате да бидете пратеник и политичар немојте да ги откривате картите. Вие ја откривте целата вистина. Вие сега признавте дека овој закон вие го носите само да им удоволите на ДУИ. Рековте сами дека не е битно каков закон ќе донесеме дека меѓународната заедница тоа нема да го оспори. Ама вие морате да им удоволите на ДУИ заради тоа Бадинтерово мнозинство кое го кажувате и за да опстанете овде на власт. Господине Гештаковски, војната не ја донесе ВМРО-ДПМНЕ, војната ја донесе вашиот сојузник кој седи зад вас на кого му удоволувате се што ви бара. Незнам уште што ќе ви побара, не би сакал да предвидувам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе. Интересни тези се пласираат од страна на колегите. Ќе зборувам за законот, затоа што е многу важен законот, јас ќе се концентрирам на законот. Сите пратеници беа свесни и тие што дофрлуваат од место дека овој закон е политички договор, Законот за употреба на знамињата кој беше донесен во Собранието и на кој ние поднесувавме амандмани со оглед на тоа дека пратениците од позицијата немаат слух, ушите им беа затнати кога ги образлагавме нашите амандмани. Ајде велиме, да го поднесеме како Предлог за изменување и дополнување на Законот. Бидејќи гледам економијата многу ни тргна во Македонија, па ние ќе се расправаме и за знамиња, за жал ќе се расправаме уште за знамиња, бидејќи економијата нема ни да ни тргне. И во тој контекс почитуван претседателе го поднесуваме овој Предлог. 2001 година, значи не навлегувам во образлагање, имаше војна, се донесе тој фамозен, или пусти Рамковен договор не по моја вина, туку по вина на колегите што седат позади во средниот ред и сега целта на тој Рамковен договор и целта на тоа Бадинтерово мнозинство кое беше донесено, значи да се консолидира безбедносната состојба во Република Македонија и да се оствари политички дијалог помеѓу страните. И како резултат на сето тоа во тој пусти Рамковен договор заради образлагање нели имаме изразување на идентитетот во кој се вели: Во однос на симболите, ова милион двеста шеесет и осми пат го читам претседателе, најверојатно уште толку ќе го читам, значи во однос на симболите непосредно до симболот на Република Македонија локалние власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се одбележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината со почитување, а последниот дел не го читаат, со почитување на меѓународните правила и примери. Тоа е Рамковниот договор. Во членот 48 од Уставот, вчера го читав, се вели дека имаат право припадниците на заедницата  и тоа право, премногу право им се даде со Законот за употреба на знамињата. Но, забораваме дека ние имаме Закон, но некои од колегите не забораваат дека има Закон за грб,знаме и химна, ама тој закон сакаат да го направат таков како што нив им одговара. И сега во тој закон се вели дека за

разлика од она што беше наведено во Предлогот на законот и она што ние го нудиме како текст. Во тој закон членот 14 укажува дека знамето на Република Македонија се истакнува, значи задолжително се исткнува таму,таму, таму. Во членот 15 се вели дека знамето на Република Македонија може да се истакне таму, таму, таму. Ние во Предлогот на законот бараме одредбите кои постојат во постојниот закон во членот 4 каде што се вели, постојано се истакнати знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница, да бидат преформулирани и да каже дека постојано се истакнува знамето на Република Македонија, а пред овие објекти може да се истакне и знамето на таа заедница. Значи, знамето на Република Македонија како државен симбол мора да биде постојано истакнато за да бидеме во согласност со членот 15 од Законот за знаме, грб и химна. Ние со овој закон кој што важи сеуште на кого ние поднесуваме Предлог за изменување и дополнување не е во согласност, или е во колизија со Законот за знаме, грб и химна на Република Македонија. Тоа се однесува и на членот 4 и на членот 5. На членот 6 веќе факултативно доаѓа кога доаѓаат оние кулутурно-уметнички, спортски и други манифестации. Но, мене и тогаш не ми беше јасно, ниту пак заменик министерот Субхи Јакупи ми објасни. Приватниот живот на албанците. Во членот 7 во кој и ние бараме да се менува, значи постојниот текст на законот вели: Припадниците на заедниците во Република Македонија знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености имаат право да го употребуваат во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби што ги организираат припадниците на заедниците во Република Македонија. Истите тие приредби се уредени и претходно во членот 6. Ние бараме членот 7 да се менува и да гласи вака. И незнам тука што е спорно и зошто колегите немаат слух од ДУИ да го поддржат амандманот кој во ваква форма беше предложен и на законот. Значи, ние предлагаме, припадниците на заедниците во Република Македонија заради Бадинтерово мнозинство покрај знамето на Република Македонија можат во приватниот живот да го употребуваат и знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености согласно членот 2 од овој закон. И пак се враќаме на фамозниот член 2 став 2 во кој со овој закон се дозволи, со постојниот закон на кого ние бараме измени, се дозволи знаме на туѓа држава да биде знаме на припадник на етничка заедница која не е мнозинство во друга држава, или поточно речено во матична држава. Тој термин почитуван претседателе и почитувани колеги некако матична држава, татковина не им влегува во уво на колегите, не им влегува дефинитивно. И од тие причини кога доаѓаат на ред вакви закони во кои треба да ги остварат своите права без оглед на цената која треба да се плати, иако не убедуваат дека тоа било последното за Европска унија. Ама јас не велам така и ќе го потврдам со следново. Самиот заменик министер Субхи Јакупи при образлагањето на Предлогот за донесуање на закон рече дека решенијата во овој закон се добро познати, значи, цитирам и нема да ги образложувам поединено. Законот не нуди нејасни, недоречени или сложени состојби, туку напротив тој е едонставен, би се рекло и процедурален едноставно да се задоволи процедурата, но со кој се заокружувала една обврска од Рамковниот договор што уште еднаш ќе кажам дека е лага, не е обврска од Рамковен договор. Република Македонија со донесувањето на овој закон уште еднаш како и многу пати досега ќе потврди дека умее да се избегне од дневно-политичките настани. И овој закон не треба да се свати како нешто што е на штета на државноста и суверенитетот на Република Македонија бидејќи не е на штета на државното знаме, туку секогаш прво ќе се истакнува државното знаме на Република Македонија и потоа знамето на претставниците на заедниците. Точно ќе се истакнува знамето и луѓето кои ќе доаѓаат од страна нема да знаат во која држава се наоѓаат, дали се во Република Македонија или се во Република Албанија. Тие не сакаат друго знаме, освен албанското знаме, мислам знамето на Република Албанија. Незнам по која логика се смета дека со законот на кој ние бараме измени ќе биде заштитен држвниот суверенитет според образлагањето и на дел од колегите од СДСМ, затоа што некои од нив беа против, гласаа воздржано и поднесоа свои амаднмани како и на колегите од СДСМ и на ДУИ и ЛДП. Ние некако не сакаме да разбереме дека знамињата, или симболите кај нас за разлика од останатите дел од Европа имаат историско, но имаат и морално значење. Знамето, грбот и химната секаде во светот се државни симболи, така треба да биде и во Република Македонија, ама ете не е така. Кај нас се нешто мора да биде ненормално, за разлика од нормалниот свет кон кого ние итаме да дојдеме. Значи, ќе се сложите со мене дека знамето симболизира припадност и сопственост на една територија. Јас тоа не сум го кажала, иако вие милувате да го цитирате Жан Жак Русо кој постојано вели дека прво бил граѓанин, а потоа бил французин. Но факт е дека знамето симболизира припадност и сопственост на една држава. Не џабе таму во некои вселенски тела се поставуваше нечие знаме, симбол на припадност. Со законот кој се применува ние имаме идентитет на државата Република Македонија од една страна и имаме национален идентитет на една етничка заедница и нашиот проблем почитувани колеги е токму во тоа што тој национален идентитет и идентитетот на таа една етничка заедница тоа знаме во исто време е знаме на друга држава, друга држава која е сосед на Република Македонија и каде има граници.

Во делот на Предлогот на законот кој го нудиме, во делот кој се однесува на локалната самоуправа, да ве потсетам и нешто друго

почитувани колеги, има Закон за локална самоуправа, да не биде се само теорија, еве и малку конкретно. Во членот 10 од Законот за локална самоправа се вели грб и знаме на општината. Ставот 3 од членот 10 од Законот за локална самоуправа вели дека грбот и знамето се разликуваат и од грбот и знамето на другите држави, единици на локална самоправа на други држави и на меѓународни заедници. Ние почитувани колеги и покрај сите овие одредби кои постојат и во Законот за знамето, грбот и химната и во Законот за локална самоуправа ние упорно бараме т.е. вие припадниците на албанската заедница упорно барате знамето ваше да биде знамето на Албанија и никое друго знаме. И тоа со усвојувањето на Законот почитувани колеги и си го добивте. Меѓутоа, тоа не води како што постојано го кажувате тоа во вашиот речник, кон хомогенизација и градење на Република Македонија како заедничка татковина каде што сите ние овде живееме, па и вие, ама вие живеете, ги користите сите благодети од оваа држава, ама со едно око гледате таму на запад, едното око секогаш ви е таму на запад. И од тие причини ние постојано ќе имаме вакви предлози. Ќе дојдат и други закони, ова не е крај, ќе дојдат и други закони кои се однесуваат на употребата на симболите на припадниците на етничките заедници. Јас немам ништо против, меѓутоа определени отстапки во делот на градење на заедничка иднина на Република Македонија, како што милувате да кажете и нејзин заеднички трасиран пат во Европската унија и НАТО структурите вака тешко дека ќе може.

И уште нешто, на крај ќе ви цитирам, можеби сте заборавиле, иако сега е вашиот празник, еден дел од Коранот почитувани колеги од албанската заедница, еден дел вели дека на верниците татковината е таа каде што живеат и каде што ги уживаат благодетите што им ги пружа заедницата.

Јас незнам зошто вие го толкувате Коранот обратно или да не кажам фундаменталистички по однос на она што ви е кажано таму.

Благодарам почитуван потпретседателе, можеби ќе се јавам и по трет пат за збор. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за господинот Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Господине потпретседателе, само кратко би реплицирал во еден дел од говорот на мојата колешка.

Во делот кога кажа дека не е политички договор и не е обврска од Рамковниот договор. Политички договор не е, бидејќи е обврска од Рамковниот договор, а таа обврска од Рамковниот договор преку амандманите е и Уставна обврска. Да се донесе тој закон и тоа да се донесе со Бадентерово мнозинство. Исклучиво така го прочита во најавата кога се раправаше за законот и претседателот на Собранието, дека за овој закон треба да се донесе со Бадентерово мнозинство.

Сега, сакам да ја потсетам колешката, бидејќи се влезени во некој филм и заборавиле што направиле пред 4 години. Сега се пишманат за тоа што го направиле во 2001 година. Само да ја потсетам дека во тоа време имаа апсолутно мнозинство во Собранието. 80 пратеници, 2/3 мнозинство за промена на Уставот. Навистина пратениците од СДСМ гласаа за ова, го поддржаа овој закон, но не беа пресудни. Желба, волја и гласаа сите пратеници, мислам во најголем број 99% од парламентарното мнозинство кое, повторувам, беше 2/3. СДСМ тогаш иако со рејтинг од 42% невидено до сега и нема да се повтори, значи 42% од граѓаните на Република Македонија веруваа во политиката на СДСМ. Свесно на штета на својот пад на рејтингот од 15% рејтингот дојде под 30% само што влеговме во коалицијата и што го поддржавме Рамковниот договор. Но, тогаш не беа загрозени виталните интереси на Република Македонија . Тогаш беа разнишани темелите на Република Македонија. Имаше опасност Република Македонија да ја снема од светската карта и европска. Затоа влеговме тогаш, го поддржавме Рамковниот договор и сега како што ветивме така го правиме, го спроведуваме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Една минута контра реплика за пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Почитуван колега Гештаковски ниту вие ниту јас бевме пратеници во тој состав, за жал, не сте информирани дека и СДСМ тогаш гласаше за Рамковниот договор и за уставните измени. Вие рековте 42% е рејтингот на СДСМ. Незнам каков ќе биде оваа година, можеби не треба да ни се врати веќе СДСМ. Заборавате 1993 година, или 1995 година некој го смени знамето на Република Македонија тогаш, го смени Уставот. Даде друг амандман со кој ние велиме дека нема да имаме територијални претензии кон соседна земја, многу убаво ни беше во тој период со процесот на приватизација па дојдовме до ова дереџе, а верувајте дека овој СДСМ нема да не однесе во Европската Унија.

**Слободан Најдовски:** Следен за дискусија е господинот Трендафилов, но не е тука.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, ќе се обидам во мојата дискусија да бидам практичен, конструктивен и веднаш би почнал.

Пред нас имаме еден Предлог на закон од група пратеници што мора да признаеме дека и според Деловникот е сосема легитимно право за предлагање измени и дополнувања на тој Закон.

Интересно е што прво ми паѓа во очи дека само 7 лица се пријавени за Предлогот за изменување на законот што малку ме чуди, бидејќи, колку што гледам, воглавно се колегите од ВМРО-Народна партија, што значи иако еве ги слушаме втор ден

со еден единствен став навистина ме чуди зошто и другите не се потписници, но тоа не е толку битно. Битно е дека треба да имаме многу посериозен однос кон сите закони што доаѓаат од колегите пратеници и да бидам искрен станува збор за изменување и дополнување на закон кој неодамна беше донесен во Собранието на Република Македонија, а се работи за исклучително чувствителна тема. Тоа е закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Амандманот 8 од Уставот на Република Македонија, не се враќам на оние принципи 7.1 што е обврска од Рамковниот договор значи "припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница". Повторувам, амандман 8 кој едноставно е составен дел на Уставот на Република Македонија и истиот се применува.

Меѓутоа, во сите овие предлози на закони јас мислам дека ниеден за колегите не е спорен, а поготово одредбите содржани во член 2,3,4,5,6,7,8, со одредени модалитети и мислам дека членот 1 е оној кој предизвикува најголемо внимание и е најспорен.

Значи, во членот 1, ова е за јавноста, за употреба на знамиња на заедници во Република Македонија "Службен весник на Република Македонија " број 58/2005, во членот 2 ставот 2 по зборот "особености" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава". Ова е тој член, одредба, таква беше и расправата кога се носеше Законот што предизвика најголемо внимание и што е јазик на спротивставени гледишта во овој собраниски дом.

Мора веднаш да кажам дека малку сум изненаден и збунет што колегите предлагачи одат со Предлог за измена и дополнување на овој закон за употреба на знамињата на заедниците од две причини. Затоа сакам практично да кажам.

Првиот момент е правниот момент. За правниот момент зборуваа дел од колегите, знаеме дека симболите на една држава го означуваат, меѓу останатото и суверенитетот на таа држава. Правно прашање дали употребата на знамето кое во исто време претставува знаме на националност, а во исто време и знаме на друга држава, може да биде користено во оваа форма. Меѓутоа, тука повторно треба да се вратиме на самиот Устав и на амандманот кој го прочитав. Значи, заедницата е таа која го избира својот симбол и која понатаму го користи и употребува. Тоа е правниот момент.

Од друга страна го имаме политичкиот момент, а станува збор за следното: станува збор за она што и колегата Гештаковски во една од репликите го кажа како да се најде најсоодветно решение кое со принципот на Бадентерово мнозинство, бидејќи таков закон се носи со тој принцип, би било најидеално решение во Република Македонија. Владата на многу елегантен начин ова го спроведе и останува, повторно се враќам на правната дилема. Меѓутоа, за правната дилема, тука ќе завршам, за правната дилема почитувани колеги иако повторувам, така почнав, дека е деловничко право на пратениците да предлагаат закон за измена и дополнување на било кој закон, ми се чини дека, не ги гледам колегите Тито Петковски и Лилјана Поповска, бидејќи тогаш истакнуваа и амандмани, ме чуди како не се сетија на она што го нуди нашиот Устав како можност, а тоа е Законот, бидејќи станува збор за најголем државен акт, а тоа е Уставот на Република Македонија, зошто до денес не е покрената иницијатива за оценка на уставноста на самиот закон. Тоа е првото прашање.

Втората работа, јас им предлагам еден практичен совет на самите предлагачи овој закон денеска биде повлечен од дневниот ред, а преку иницијатива, преку Уставниот суд токму онаа одредба за која зборував, се преоцени дали е уставна или не е уставна.

Уште една работа, да не заборавите, постои уште една правна можност, општите акти ги разгледува уште една многу јака меѓународна институција, а тоа е Европскиот суд за правдата во Брисел. Повторувам, општите акти. Тоа е втората правна можност.

Од тие причини јас најдобронамерно предлагам на предлагачите да размислат за ваквите варијанти, а законот ваков каков што е и самите се свесни дека не се во состојба да го обезбедат Бадинтеровото мнозинство за да биде изгласан. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодара господине Томиќ.

Прв за реплика е пријавен господинот Караџоски. Повелете три минути.

**Жарко Караџоски:** Господине Томиќ, кога сме кај правната терминологија она што од аспект на правото го дискутиравте, не е во ред да се дефокусира проблемот и да се покрива нешто со Уставот и амандманот 8.

Значи, амандманот 8, го прочитавте, припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Воопшто не дава за право дека една одредба која сега ние сме ја предложиле е против уставна, односно во расчекор со една ваква одредба од амандманот 8.

Значи, она што амандманот 8 го кажува тие имаат свое право, тоа никој не им го оспорува, она што ние велиме нека си го употребуваат се она што тие мислат дека е нивен етнички симбол, но, тоа не смее да биде знаме односно белег кој некоја друга држава го има како свој суверенитет и како свое знаме. Тука воопшто нема судир, тотално е

лоша дискусијата која ја кажавте особено како правник. Да расчистиме една работа.

Друго, зошто ние сме предложиле закон, а не сме покренале иницијатива пред Уставен суд, прво, да ви кажам една работа, сме покренале иницијатива, не е точно дека не сме покренале, значи не сте информиран.

Второ, сите вие добро знаете и вие колега знаете колку му е потребно на Уставниот суд прво да срочи, а потоа да одлучи, така што тоа не не запира, никаде нема забрана и никаде нема одредба со која може да не запре во исто време да не поднесеме и закон. Овој закон ние го поднесовме надевајќи се дека кај некој од вас кој сака и милува да го чита и законот, Уставот и правото да ја свати позицијата пред овој закон кој е во сила навистина е нарушена. Поточно донесен е еден тотално нелогичен закон.

Уставниот суд ќе си ја работи својата работа по иницијатива кога ќе ја сработи, а како ќе ја сработи тоа е негова работа. Ние со овој предлог уште еднаш го отвораме проблемот за да дојдеме до вистинското решение. Јас ве уверувам дека со тоа нема да застанеме. Се дотогаш додека Деловникот ни дозволува, се дотогоаш додека Уставот и законот ни дозволува ние ќе интервенираме за секој еден закон кој сметаме дека не е добар.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

За реплика е пријавен господинот Оровчанец, повелете три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** На некој начин очигледно и јас ќе се повторам со она што го кажа господинот Караџоски затоа што суштината на проблемот и неговата идентификација станува јасна и очигледна.

Мислам дека она што го кажа за посериозност и чувствителност апсолутно се согласувам, меѓутоа, таа посериозност и чувствителност господинот Томиќ требаше да ја има и во моменти кога се гласаше тој закон со Бадентерово мнозинство, а не овде да се диференцира токму како чувствителност и сериозност од страна на предлагачите затоа што сметаат дека тоа решение не е исправно.

Господине Томиќ јас сметам дека нашата иницијатива и те како е исправна и дека воопшто не е надвор од она што вие сакате да го направите како инсинуација дека е надвор од Рамковниот договор. Рамковниот договор со амандманот 8 добро дефинира што значи тоа и бидејќи беше цитиран од вас и од Караџоски, јас не мислам да го цитирам, меѓутоа, суштината овде е во употребата на Рамковниот договор за некои други интереси и цели.

Треба да знаеме дека дефинитивно знаме на друга држава како симбол на припадност и на суверенитет не би требало да биде или би требало со некоја видоизмена, колку е тоа блиску, меѓутоа, да мо же да се диференцира. Јас тогаш и сега го посочив примерот во Косово знакот на орелот е сосема друг од оној што е во Албанија. Јас не гледам причина овде да се направи некоја диференцијација со која ќе се даде на знаење дека се работи апсолутно за албанската заедница, меѓутоа, дека се работи за албанска заедница која е во Република Македонија, а не во држава Албанија. Таа диференцијација мислам дека е неопходна.

Според тоа, воопшто не се работи за Рамковниот договор, туку се работи за злоупотреба на Рамковниот договор.

Трето, оваа иницијатива која е покрената пред Уставниот суд, мислам дека би требало и вие господине Томиќ да се придружите затоа што, колку што ве сватив, практично вие за овој период од кога е законот ставен во употреба, сте сватиле дека решението е на некој начин противуставно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика за пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам на репликите и на Караџоски и на колегата Оровчанец. За првата воопшто не сакам да дискутирам, колегата Караџоски тотално ја промаши темата, меѓутоа, она што го кажа колегата Оровчанец е многу интересна.

Како прво јас понудив два правни аспекти единствено кои се валидни во моментот токму за предлогот за кој овие два дена дискутираме. Првата е иницијатива за Уставниот суд, а втората, го потсетувам колегата Оровчанец, не случајно го спомнав Европскиот суд на правдата. Македонија е потписник на документот за стабилизација и асоцијација, автоматски Република Македонија сите правни акти треба да бидат усогласени со законите односно хармонизирани со Европската Унија. Токму онаа одредба на која се повикува и колегата Оровчанец и другите предлагачи може да се провери дали е легитимна или не е во согласност со меѓународното право.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе, почитуван колега Томиќ, ова што го објаснивте како правник мислам дека држи, покрената е иницијативата, очекуваме Уставниот суд да го каже своето па после тоа мислам дека ќе следи и Европскиот суд на правдата во Брисел.

Мене ме загрижува нешто друго. На ваков начин повикувајќи се на Охридскиот договор многу пати во ова Собрание дојдовме во ситуација да видиме дека тоа повикување апсолутно не е точно и после тоа се повикуваме на други закони кои не доближуваат до Европската Унија, до НАТО структурите и останати работи кои апсолутно не се така.

Во самиот закон заедниците го избираат знамето и го употребуваат за изразување на својот идентитет и особеноста . Мислам дека ова мора апсолутно да се дефинира со Законот за знамиња затоа што на ваков начин не станува збор само за албанската заедница, утре можеби и српската заедница ќе види некое многу убаво знаме кое го вееле некои структури за време на Втората светска војна, па Турците некое знаме незнам од кога и така во оваа држава би се случило еден галиматијас кој не ќе може никој да го разјасни.

Жал ми е што Европскиот суд во Брисел ќе треба да решава за работи кои тука самите треба да ги разрешиме. Со колегите од ДУИ не наидовме на разбирање затоа што кажав албанската заедница и во Грција не се помалку албанци од нив, но имаат знаме со кое се разликуваат како етничка заедница во Грција каде овој симбол е вметнат во знамето, но како и што, тие подобро од мене знаат.

На Косово истото ова знаме апсолутно никој не го сака затоа што се побарува државно знаме. Тука се јавува проблемот. Каде и кој ќе го дефинира сето воа. Јас мислам дека мора да се донесе закон кој еднаш за секогаш ќе ги утврди знамињата на етничките заедници. На ваков начин затоа што за некој било гордост дека се препознава по знамето на некоја соседна држава и тоа знаме да се вее во Република Македонија како знаме на етничка заедница е знаме на друга држава,апсолутно ги прави сите проблеми и ова што го говориме не го говориме само за да биде говорено, туку апелираме да наидеме на разбирање затоа што ни во една држава во Европа кон која претендираме , ваква работа нема.

Затоа, да не ги оставаме работите да ни ги враќаат некои други, дали е тоа Брисел, дали утре ќе биде Виена или не знам кој, но во секој случај ние треба да донесеме оценка дали ова е уставно или не.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Краљевски Чедомир. Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги.

Верувам дека сите ќе се сложиме, вклучително и колегата Кире Гештаковски, кој сега е отсутен од салава, дека стабилните меѓуетнички односи се услов за секаков прогрес на Република Македонија. Но, дали со носењето на овој закон кој е плод од една страна на зациментираната непопустливост на албанскиот фактор во Република Македонија, а од друга страна на конзистентната политика на попустливост на СДСМ кон својот коалиционен партнер ДУИ, ќе биде исполнета главната идеа на Рамковниот договор, а тоа е во духот на меѓусебно разбирање и толеранција, секогаш со меѓусебно договарање и консензус да се решаваат прашањата што ги тангираат односите меѓу етничките заедници во Република Македонија. Тоа се со цел да се зацврсти стабилнсота на меѓуетнички план. Овој закон односно Законот кој е донесен на 15 јули оваа година и кој носи наслов Закон за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, ниту е донесен со консензус, ниту со меѓусебно разбирање и толеранција, ниту со уважување на стандардите и вредностите, што е многу важно, кои стандарди и вредности за овие рпашања важат секаде во светот. Ниту пак ќе се постигне целта, покачувањето на ниво на стабилноста на односите на меѓуетнички план во Република Македонија. Тоа е очигледно, бидејки ние како претставници на опозицијата, членови на пратеничката група на ВМРО-Народна партија и претставници на граѓаните очигледно ги пренесуваме гласовите на граѓаните на нашите бирачи, кои секако не се во духот на поддршка на донесениот Закон на 15 јули. Токму тоа беше и причината дел од пратениците од пратеничката група на ВМРО-Народна партија што не мотивира и не натера да го поднесеме овој закон за измена и дополна на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, надевајки се дека меѓувреме од донесувањето на Законот, па до денес или до моментот на гласање, сепак нешто се сменило во свеста на претставниците на позицијата и дека ова е уште една шанса да ја поправат грешката што ја направија претставниците на позицијата на 15 јули. Секако дека тоа е наше деловничко право односно уставно право е на секој пратеник поединец да предлага закон, во случајов сме 7-мина пратеници и наша логика и мисла беше дека ова е полесниот пат да се дојде до поправка на грешката која се стори со донесувањето на Законот на 15 јули, отколку да одимепо некој подолг пат, па правото односно правдата да ја бараме пред Меѓународниот суд за човекови права.

Во меѓувреме ве информираа колегите дека пратеничката група на ВМРО-Народна партија покрена иницијатива за оценка на уставноста на овој закон пред Уставниот суд на Република Македонија и постапката е во тек.

Кога се носеше Законот односно во 11-те продолженија на седницата пред 15 јули што се одвиваше, а на 15 јули беше чинот на галсање, пратеничката група на ВМРО-Народна партија укажуваше и водеше жестока полемика со предлагачот на овој Закон, а тоа е Владата на Република Македонија дека пред се, озаконувањето на употреба на државно знаме на странска држава во јавниот и службениот живот во Република Македонија е грубо нарушување на суверенитетот на Република Македонија. Зошто е тоа така? Затоа што државното знаме на секоја држава е симбол и атрибут на државата што симболизира воспоставена, организирана власт врз население што живее во границите на државната територија. Укажавме на потребата да

се нормира какво не смее да биде знамето на етничката заедница во Република Македонија односно дека не смее да биде идентично со државното знаме на странска држава. И, дека легализацијата односно озаконувањето на можноста за употреба, а и самата употреба на државно знаме на друга држава во јавниот и службениот живот во Република Македонија е нарушување на суверенитетот на Република Македонија, што понатаму може да наговести или може да доведе до такви последици во насока на деструкција на суверенитетот, интегритетот и унитарноста на Република Македонија.

Укажавме дека озаконувањето на можноста за употреба на државно знаме на друга држава во Република Македонија е без преседан во светската теорија и пракса и е спротивно на сите меѓународни стандарди, правила и конвенции што ги регулираат прашањата за употреба на знамињата.

Укажавме односно побаравме да се стави во мирување тогаш Предлог законот за употреба на знамињата, се до добивање на валидна меѓународна правна експертиза за понудениот законски текст.

Укажавме дека со овој и ваков закон уште еднаш се врши пробивање на Рамковниот договор и тоа неколкукратно пробивање. Но, сепак, сите тогашни наши укажувања беа залудни. Еве, сега направивме обид да ја поправиме таа грешка од 15 јули оваа година и повторно да им дадеме можност на сите пратеници да се произнесат позитивно по понудениот закон за измена и дополна на Законот за употреба на знамињата од страна на нас неколкуте пратеници.

Во што се состои главната поента на овој закон? Точно е тоа што го кажа колегата Томиќ дека суштината, круцијалната работа се состои во член 1, а тоа е дека со измената и дополната што ја нудиме членот 1 од Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија би изгледал вака "Заедниците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особености имаат право да употребуваат знаме". Тоа никој не го оспорува. "Под знаме во смисла на ставот 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, а кое во исто време не може да биде знаме на друга држава". Понатаму, се е обработка, би рекол техничка обработка на овој член 1, бидејки ако веќе се донесе овој член 1 и се изгласа од ова Собрание, тогаш целиот проблем е решен и нема д аима понатаму проблем, затоа што на тој начин ќе се елиминира можноста странско знаме во туѓа држава да се вее на територија на Република Македонија во службен и јавен живот.

Нашиов денешен Предлог закон за измена и дополна на Законот за употреба на знамињата во Република Македонија упатува, значи покрај тоа што го суспендира правото да се вее знаме на туѓа држава на наша територија, упатува на донесување понатаму во иднина на некој нов закон кој, мислам тоа произлегува од духот на членот 1 од овој предложен закон, кој е за да се донесе нов закон за знамињата на етничките заедници во Република Македонија. Секако, во тој закон, ако веќе се забранува, се суспендира правото да се употребува знаме на странска држава на територија на Република Македонија, во тој друг закон, Закон за знамињата на етничките заедници во Република Македонија би се дефинирал изгледот на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, но со еден единствен услов  нивниот изглед, форма да не биде идентична со знамето на странска држава. Значи, да има нешто што ќе го диференцира тоа знаме од знамето на странска суверена држава.

Нашиот предлог, можеби барем онака како што ги следам дискусиите на претставниците на позицијата, можеби е премногу амбициозен, можеби можам слободно да го употребам терминот нашиов денешен предлог и нашава денешна работа, мислам на нас предлагачите на овој закон, да го наречам слободно како сизифовск работа. Сизифовска работа затоа што треба, пред се, да постигнеме две цели за да овој наш законски проект биде изгласан.

Прво, треба да ги разбудиме од длабокиот сон сонувачите од дел на позицијата. За нив би рекол дека можеби истите тие се убедени во исправноста на оној Закон за употреба на знамињата што е веќе во сила, што до донесовме на 15 јули. Имаат некое  внатрешно убедување, идеологија и филозофија дека исправно е тоа што го прават и за нив не можам ништо друго да кажам, освен прости им Боже не знаат што прават, меѓутоа не можам да им замерам. За мене, би рекол, поболно е рпашањето кај другата група на претставниците на позицијата кои се свесни дека овој закон предизвикува, ќе предизвика далекусежни последици по суверенитетот и интегритетот и територијалната целост на Република Македонија. Можеби сега не брзо, но во иднина создава услови за да дојде до такво нешто, до такви последици да се остварат. А, не се убедени во исправноста на егзистирањето на ваквиот закон. За тие би рекол дека највероватно на следниве избори ќе следи политичка казна, друго нема што да кажам. Но, да се надеваме дека со нашава заложба денешна, во чинот на гласањето, сепак, ќе успееме да предомислиме некои од страната на позицијата и да дадат поддршка на овој денешен наш Предлог закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот госпоѓа Поповска Лилјана.

Повелете госпоѓа Лилјана.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги.

Овој закон, Предлог закон што денес го разгледуваме се всушност извадоци од Законот за употреба на знамињата на заедниците, кој што веќе го разгледувавме и помина во Парламентот пред многу кусо време. Тогаш беа изнесени многу аргументи од колеги и за и против, беа изнесени многу аргументи за тоа зошто тој закон не би требало токму во таква форма да биде сувоен со сите детали. Бе изнесени аргументи и од моја страна лично, така што во таа прилика и јас се изјаснив дека таков каков што е законот не ми е прифатлив, дека сум свесна Закон за употреба на знамињата на заедниците е потребен и треба да се донесе, бидејќи тоа е дел од Рамковниот договор, меѓутоа имав конкретни забелешки на повеќе членови, од кои што некои се денес презентирани во оваа форма што ја изготвиле колегите пратеници од ВМРО-Народна партија.

Значи, мојот став за предлозите кои се содржат во денешниов предлог текст се познати, а јас си останувам и понатмау на тие ставови, се разбира. Меѓутоа, претпоставувам дека и другите колеги кои што се изјаснија пред некој месец, исто така, си останале на своите ставови.

Оттука, морам да кажам мене ми е малку нејасно зошто воопшто се предлага сега дискусија зошто се предложи овој текст на Предлог закон во вакв аформа за материја која што беше прецвакана, така да кажам, пред многу кусо време. Однапред сите знаеме дека не може да дојде до некакво спектакуларно поместување во ставовите дека веројатно исходот од гласањето повторно би бил ист. Навистина, не ми е јасно зошто за ова дебатираме, кога во псотапка единствен правен лек во случајов е Уставниот суд, одлука на Уставен суд, кој што ќе треба да се произнесе по иницијативите за оспорување на одредени членови од Законот за употреба на знамињата на заедниците. Значи, на некој начин, морам да кажам дека дискуијава околу овој Предлог денешен ми изгледа прилично беспредметна, употреба на многу време, а за тоа исто време мислам дека само се дефокусираме од она што е тема на денот, тема на историскиот момент, а тоа се предлозите околу измена на името на државата со вметнати целиот пакет кој што го содржи и јазик, националност, начин на употреба на придафки македонски, македонска и т.н., суштински работи со кои што се џарка во нашата утроба државна и народносна, а ние овде зборуваме и прецвакуваме прецвакана материја, за која што веќе сем се изјасниле и однапред знаеме кој ќе биде исходот на ова гласање. Еве, тоа морав да го споделам со вас колеги пратеници. Значи, мојот став останува непроменет по овие прашања, со уште едно жалење за тоа што потрошивме прилично време за нешто, а можевме да го пренасочиме нашето внимание и вниманието на граѓаните на нешто друго што граѓаните директно во моментов ги засега и каде што и ние како пратеници можеме и треба да придонесеме за да се донесат одлуки кои што ќе бидат во полза на народот и на државата.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска. Три минути реплика има пратеникот Оровчанец Ѓорѓи.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе.

Би сакал да и напомнам на госпоѓата Лилјана Поповска дека што се однесвуа до суверенитетот на Република Македонија изразен и преку знамето, никогаш не е на одмет потрошено време односно ова јас не го сметам за потрошено време. Мислам дека оваа атмосфера која што повторно ја наметнавме, треба да ги потсети луѓето за шаблонизирањето на спроведувањето на власта и она таа тогаш го зборуваше да го каже уште еднаш или да го потенцира. На тој начин мислам дека јавното мислење треба да биде измоделирано за да ја свати грешката во делот кој што го направивме со тој закон. Да го потсетиме Уставниот суд дека има обврска околу ова прашање. Мислам дека тука успеавме и господинот Томиќ прифати и канали по кои треба да се оди. Ова прашање, покрај сите други, тешки, сложени, комплицирани, значајни прашања за Република Македонија не е од помала важност и мислам без разлика на временската дистанца, која ја наметнавте дека е кратка, мислам дека е доволно за да можат луѓето да сватат дека е направена грешка. И повторно ќе го анимираме ако треба, до оној момент додека ова прашање не се реши на правиот исправен начин, меѓутоа не на штета на етничките заедници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика за пратеникот Поповска Лилјана.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине Оровчанец,јас потполно се согласувам со вас дека прашањето за употреба на знамињата е едно од извонредно значајните рпашања поврзани со нашиот суверенитет. Секако, има многу што да се каже и да се потсети и борбата за одредени цели кои што сметаме дека се во полза на државата, треба да продолжи и да се бараат начини и модуси како да заврши со позитивен резултат. Меѓутоа, ние како политичари имаме многу проблеми за решавање и при тоа мислам дека треба да се водиме од принципот на приоритет. Во момьнтот ова не е приоритетно за Македонија. Имаме приоритет на приоритетите, а тоа е името и суштината на државата и на народот.

**Слободан Најдовски:** Јас ќе ги замолам пратенците кои сакаат да дискутираат да сездржат само на Предлогот на законот. Секој

што сака на друга тема да дискутира може да си поднесе барање во Парламентот да дискутираме.

Повелете господине Хасипи имате збор.

**Кенан Хасипи:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на фактот дека при донесувањето на законот за употреба на знамињата на заедниците имав обемна елаборација на моето гледиште по ова прашање овој пат ќе се обидам да бидам нешто пократок.

Несомнено е дека легитимно е правото на секој пратеник или група пратеници да предложат предлог закон или измени и дополнувања на веќе изгласани закони и законски проекти за кои што Собранието е должно да расправа и да одлучува по нив. И тука нема ништо спорно, меѓутоа она што е специфично за овој предлог за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците и што Предлогот на пратениците од ВРМО Народна доаѓа три месеци по изгласувањето на законот за употребата на знамињата на заедниците, што е доста симтоматично, дотолку повеќе што предлогот не содржи ништо повеќе од она што беше предмет на расправа во Собранието при донесување на законот, што би рекле французите дежавју, веќе видено.

Второ, од друга страна во овој меѓупериод кој е исклучително краток ниту е променет ставот на Владата ниту мислењето на парламентарното мнозинство по ова прашање ниту пак се случија сериозни нарушувања во неговата практична примена што би инцирарало поднесување на еден ваков предлог.

Од тука имајќи го во предвид изнесеното, како и маратонската расправа по ова прашање во Собранието на Република Македонија, за која можам слободно да речам дека се претвори во вербална гладијаторска ревија во режија на Народните избраници неминовно се наметнува заклучокот дека обидот за нејзино реализирање не е ништо повеќе од политички маркетинг, маркетинг на дел од опозицијата за поддигнување на рејтингот пред парламентарните избори 2006 година, иако овде еден наш колега во стилот на Нострадамус веќе ги претскажа резултатите од наредните парламентарни избори.

Посебно е интересно што предлогот доаѓа во период на исчекување на одговорот од Брисел во врска со кандидатурата за членство во Европската унија, кога секој обид да се девалвира претходно стореното и тоа како би ја нарушило севкупната слика на Република Македонија. Ова доколку повеќе што со изгласувањет на овој закон дефакто се заокружува Рамковниот договор од Охрид како еден од елементарните услови за наше рамноправно членство Европската унија и Евроатланските безбедносни структури.

Од друга страна расправата по ова прашање во Собранието на Република Македонија и изгласувањето на законот дефинитивно покажа дека во Република Македонија нема погоден терен за националистичка реторика и национални исклучивости што гледајќи наназад се практикуваше во одредени периоди и од страна на одредени политички субјекти, за жал наоѓаше и свои конзументи во дел од граѓанството од Република Македонија.

Се разбира дека сум далеку од помислата дека решенијата во законот се идеални и дека нема подобри решенија. Впрочем моите несогласувања по одредени одредби ги искажав при расправата во Собранието, но длабоко сум уверен дека отворањето на оваа Пандорина кутија сега не само што нема ништо битно да измени, туку напротив повторно ќе иницира јалови дискусии што признале или не би го нарушил угледот на Република Македонија и резултатите постигнати на интеретничките релации.

Оттука, независно какво е образложението на Предлогот за изменување и дополнување на законот за употреба на знамињата на заедниците по мене предлогот генерално содржи два суштински недостатока.

Прво, тајмингот, кој е дефинитивно несреќно избран, дури и во варијанта Предлогот да е поднесен од маркетиншки причини.

Второ, предлогот во својата содржина не соддржи ништо повеќе и различо од она што веќе беше предмет на амандманскаста расправа при изгласување на законот.

Ова дотолку повеќе што се користи истата реторика, знамиња на туѓи држави, повиско, поголемо и слично, термини кои што и тогаш беа во игра и амандмани по кои и тогаш се расправаше во ова Собрание и се изгласа она што се изгласа.

Оттука почитувани колеги имајќи го предвид актуелниот момент во кој се наоѓа Република Македонија од финалната фаза во решавањето на спорот околу името, па се до одработувањето на земените обврски пред добивањето на одговор од Брисел најцелисходно би биле да се повлече предлогот и да се затвори расправата по ова прашање и да се остави Уставниот суд да го искаже своето мислење по ова прашање што ќе биде обврзувачко.

На тој начин ќе ги поштедиме граѓаните од расправа на тема која е веќе апсолвирана, а која по ниеден основ не го подобрува квалитетот на животот на граѓаните. Во спротивно би се стекнал впечатокот дека овој Парламентарен состав и не сака или нема капацитет да дебатира по прашања кои живот значат за граѓаните, а тоа е економија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Господине Краљевски, повелете за реплика, три минути.

**Чедомир Краљевски:** Благодрам потпретседателе,

Би сакал да укажам на колегата Кенан Хасипи дека избраниот тајминг за поднесување Предлог за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата од наша страна е токму одбран бидејќи ние го имавме ов предвид фактот дека кај некои пратеници или кај некои политички структури, или партии сепак е кратко помнењето и прагот од три месеци сметаме дека е праг на дострел на прагот на меморијата кај некои луѓе, а прашањето за суверенитетот и името би сакал да му кажам на колегата дека е прашање од највисок интерес на партијата ВМРО-Народна партија затоа што кои прашања би требало или очекуваме да биде и кај другите политички структури и партии да биде прашање од највисок интерес, што не е случај во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Една минута контра реплика пратеникот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Ммислам дека ова не беше реплика туку дообјаснување од страна на колегата Чедомир Краљевски. Јас немам никаков коментар само сакам да најавам дека нема да одговарам на репликите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути за реплика има пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Почитуван колега Хасипи нелогичности има многу. Јас ќе ви наведам неколку примери. На пример ако појдете во Турција никаде нема да видите покрај знамето на Турција некое друго да се вее покрај него. Денеска е Турција на прагот да влезе во Европската унија.

Ако појдете во Грција исто така нема да видите ниту едно друго знаме да се вее покрај државното знаме, а таа е членка на Европска унија.

Ние господине Хасипи сме многу вредни. Ако зборуваме за демократија зборуваме затоа што овој закон го носиме, дали го менуваме или не, значи ние сме  многу пред нив, а сепак сме толку далеку од Европска унија што тешко да можеме да ги стасаме.

Да ви кажам уште една нелогичност господине Хасипи. Вие не можете турски во Македонија да зборувате, ниту овде во Собранието на Република Македонија, туку зборувате на Македонски јазик, затоа што немате 20%. И тоа е нелогично. Ниту можете да го употребите вашето знаме на вашата етничка заедница затоа што немате 20%. Кога ќе имате 20% тогаш. Не или ви се чини дека е нелогично и не ли ви се чини дека е тоа само да се задоволи на албанците, или вас тоа ви е сеедно.

Друго господине Хасипи. Нострадамус не е потребен кога се во прашање идните парламентарни избори. Анкетите почтуван колега, расположението кај граѓаните, резултатите од последните локални избори, како и расположението кај граѓаните многу јано зборуваат дека вашата композиција поточно вие како вагон во таква композиција одите во еден правец кој се вели опозиција. За тоа не е потребен нострадамус, затоа што последната станица на која ќе стасате се вели дебела опозиција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојановски. Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Јас сакам да реплицирам на неколку наводи на колегата Хасипи.

Првата работа е во тоа што немало сериозни нарушувања во овие три ипол месеци, многу мал бил  периодот за да се види се она што е како последица од примената на овој закон.

Јас морам да кажам дека и пред да биде донесен тој закон немаше сериозни  нарушувања заztoa што ситуацијата беше целосно иста како и пред донесувањето на тој закон. Значи, дека државните институции, законите кои што требаше да ги применуваат претходно, па да се појави и потреба од донесување на таков закон за реновирање на оваа област не го правеа тоа, а се со цел која што беше покажана и во многу други случаи, како што беше случајот со Кондово и тн., каде што има граѓани на Република Македонија каде проблемите не се решаваат согласно позитините прописи на Република Македонија, туку согласно на некои  други политички потреби на влас.

Од друга страна како можете да го наречете овој наш предлог од политички маркетинг, зтоа што и самите велите дека уставниот суд треба да реши. И самите не сте сигурни дали ова е во согалсност со Уставот, затоа што како прво во законот не постои знаме кое што е определено за употреба од страна на етничките заедници, не постои процеудра како се определува тоа знаме, а од друга страна имаме постојано веење на знамиња од туѓи држави кои што директно значат пренесување на туѓ суверенитет на територијата на Република Македонија. Прашањето е како да се спречи негирањето на суверенитетот на Република Македонија  преку веењето на знамиња на туѓи држави.

Од друга страна сакте да импутирате дека одговорот во Брисел може да биде различен заради тоа што вчера и денес се дискутира за прашањето на знамињата. Затоа велите дека тајмингот е погрешен, тоа било во пресрет на одговорот од Брисел. Јас само ќе ви дадам аргументи каде што и вчерашната изјава на господинот Дол Ирем доволно зборува во поглед на овој правец дека во Македонија состојбата ќе биде прикажана реално и објективно и се надевам дека тогаш ќе видете реална и објективна ситуација во Република Македонија, одценета од страна на оние за кои постојано велиме дека се најрелеваснтни оценувачи на нашата состојба.

На крајот би се осврнал на тоа дека угледот на Република Македонија се наруши со донесувањето на тој закон, на 15 јули о.г. а не се нарушува со тоа што сакаме тој закон да го усогласиме согласно Уставот на Република Македонија без притоа да се наруши првото на албанците и на другирте етнички заедници за изразување на нациконалниот идентитет, а истовремено, без негирање на суверенитетот на Република Македонија. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има бор Силвана Бонева. Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе,

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ само пред два месеци јасно го искажа сопствениот став, ги кажа сите свои аргументи кои одеа во прилог на тоа дека треба да се промени предлогот на законот кој беше тогаш доставен од страна на Владата до Собранието на Република Македонија. После повеќедневни дискусии не успеевме да го убедиме Парламентарното мнозинство дека законот за употреба на знамиња на етичките заедници е закон со кој што се погазува суеренитетот на државата Република Македонија; дека е директно спротивно на член 1 став 2 од Уставот на Република Македонија каде што јасно стои дека суверенитетот на државата е неделив, неотуѓив, и непренослив.

Второ, по ззначајна забелешка беше на членот 5 каде што се вметна таква одредба која што направи дури и на Охридскиот рамковендоговор на точка 7.1. од Рамковниот договор, каде што по одос на употребата на симболите беше јасно кажано дека симболите на етничките заедници ќе се употребуваат пред локалните објекти, пред објектите на локалната самоуправа, а во Законот се прошири оваа обврска од Рамковиот договор, значи се отиде подалеку од Рамковниот договор, а со тоа се дерогира и значењето на самиот раммковен договор бидејќи секој почна да го толкува и да го имплементира во закон онака како што сака. Од тие причини точка 7.1. од Рамковниот договор беше вметна та во членот 5 со тоа што беше проширена можноста за употреба на знамињата на етничките заедници дури и пред државните објекти.

Со тоа суверенитетот на државата Република Македонија уште еднаш значи и пред државните објекти кои што се израз на суверенитетот на државата Република Македонија се покажа дека дури и пред полицијата и пред објектите на одбраната кога се вее знаме на туѓа држава тоа значи дека се вњее и суверенитетот со знамето кое што го претставува таа држава. Тоа беа две суштествени забелешки на предлогот на закон кој што ни беше даде од страна на Парламентарното мнозинство.

Денешниот закон кој што го имаме пред нас од пратеничката група на ВРМО - Народна партија со него апсолутно се согласуваме во делот на членот 1 став 2 каде што се зборува дека не смее туѓо државно знаме да се вее на теиторијата на Република Македонија. Меѓутоа, имаме пропус во деот на членот 5 и не е земена во предвид проширувањето на Рамковниот договор и обврските кои што ги имаме преземен сите ние како политички партии за имплементирање на Рамковниот договор. Наместо доследно почитување на точката 7.1. каде што јасно се кажува дека симболите на етничките заедници за локалните власти ќе имаат слолбода на предната страна од локалните јавни објекти да ги поставуваат симболите, значи по Законот кој што ни се предлага не е прдвидено бришење на одредбата која ја проширува употребата на знамињата пред државните објекти.

Во моментов има покренато иницијатива пред Уставнио суд со сите забелешки кои како пратеничка група ги имаме искажано во текот на расправата. Во моментов не гледам дека парламентарното мнозинство има расположение да направи промен на законскиот текст кој беше донесен пред два месеци. Од тие причини пратеничката група на ВРМО ДПННЕ ќе чека Уставниот суд да јај потврди својата првична одлука по еден исти ваков закон, исти вакви одредби од Законот за употреба на знамиња донесен пред неколку години. Сметаме дека доколку непристрасно одлучува Уставнот суд повторно одллуката ќе биде идентична како што беше донесена пред неколку години односно ќе потврди дека со употребата на туѓото знаме на териоријата на Република Македонија , значи кршење на суверенитетот на ддржавата и со тоа ќе се укине аконот за употреба на знамиња на етничките заедници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** За репклика се јави господинот Јани Макрадули.Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Пратеничката група на СДСМ не ги менува така често ставовите како пратениците на пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ, кои иако потпишани на еден закон после недела дена, после еден мсец го смениіа своето мислење, затоа што сметаме дека овој закон придонесува за поефикасно функционирање и приближување на Македонија кон Евроатланските институции, пред се почитувајќи ја определбата на заедниците кои употребуваат свој симбол.

Од друга страна ме чуди како можеме да се трудиме од една стана да зборуваме за реформи во судството и со тоа да ја окривуваме позицијата, а сега го користиме Собраниското столче да нападнеме или да фрлиме сомнеж на одлуката на Уставниот суд, па да употребите епитет пристрасност или непристрасност и да се повикаме на одллука од 1997 година. И минатиот пат зборувавме и сега ќе повторам. Уставот од

1997 година и Уставот во 2005 година се различни.

Меѓу 1997 и 2005 година, за жал кога на власт беше ВМРО - ДПМНЕ, ни се случи во Македонија 2001 година, каде како последица на тоа и Охридскиот рамковен договот дојде до промена на одрадени членови во Уставот на Република Македонија. Затоа, не можеме да ја цениме уставноста од оваа наша, да кажам лаичка позиција, како пратеници, со која одлуката на Уставот во 1997 година. Ниту имаме право да се мешаме во одлуката, ниту пак да преудицираме каква ќе биде таа. Затоа, не треба да ги убедувате пратениците на СДСМ , тие се убедени во политиката и платформата што си ја имаат, тие ќе си гласаат така како што биле определени минатиот пат. Ние немаме намера да се мешаме во одлуките на Уставнит суд, ниту да ги повикуваме, ниту да ги коментираме. И тоа е разликата што ги прави СДСМ како партија и ВМРО - ДПМНЕ.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика Силвана Болева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Макрадули, ако судството во Република Македонија одлучуваше непристрасно, без политички влијанија, немаше потреба да зборуваме за реформи во судството. Ниту Уставот, ниту Рамковниот договор не го погазуваат суверенитетот на државата Република Македонија. Значи, после потпишувањето на Рамковниот договор, дури и во него една од првите одредби е дека Република Македонија е суверена држава и нема да се дозволи газење на суверенитетот на државата. Истиот член е останат непроменет во Уставот на Република Македонија. Од тие причини очекуваме Уставниот суд да си ја потврди одлуката од 1997 година.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавено за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранито му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранито го усвојува предлогот за донесување на закон за  изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 12 гласале за, 2 воздржани, 48 гласале против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 19-Предлог за донесување за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, мислењето на Владата на Република Македонија и извештајот на Комисијата за образование наука и спорт, ви се поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Намерата на предлагачите беше да се обидеме да решиме една појава која е присутна на универзитетите на Република Македонија, каде, за жал, заради одењето на некои професори во пензија, системот е така врзан што не може да се добие веднаш, по автоматизам, дозвола од Министерството за финансии, за вработување на млади кадри, што е и наша заложба.

Постојат дипломирани студенти кои се третираат како помлади асистенти, на многу факултети, дури и со просед десет, како што има пример на Електротехнички факултет, а како држава неможеме да им понудиме постојано работно место. Од друга страна имавме впредвид дека доаѓањето до професорски кадар е еден пат кој е различен од други професии, каде на три години се тестира или се проверува како напреднал во својата професија, одреден кадар и тој пат некогаш може и од објективни, но и од субјективни причини да трае малку подолго. Од друга страна свесни сме дека треба да се најде решение кое, можеби со Законот за високо образование,како што се кажува во мислењето од Владата, дава можност, доколку дава еден на одреден конкурс не се јави друг наставен кадар, тој истиот да може да продолжи да ја врши својата дејност, без разлика што ги надминал годините потребни за пензионирање, 64 или 65, како што беше досега.

Трет проблем што сакавме како предлагачи да го укажеме е тоа што случува во Република Македонија, дека после одењето во пензија, од универзитетите, тие можат да се вработат, или се вработуваат на приватните универзитети. И таа диплома е валидна, без разлика што, да речеме одреден професор до 67 години предава и е валидна во Република Македонија, нормално е валидна и во однос на Универзитетот и сигурно не би сметало во процесот на обучување.

Сепак, се согласуваме со мислењето на Комисијата за образование, и благодарам што денес најде можност да дискутура на таа област, дека ова прашање е многу суштинско и зависи од многу фактори. Значи не е тоа процес што зависи само од Министерството за образование. Зависи

и од Министерството за финансии, зависи од политиката што, не само ректоратот, туку и Интеруниверзитетската конференција ја има.

Ценеејќи го тоа, а прифаќајќи ги мислењата на Владата, пред се на Комисијата за образование, наука и спорт, на Собранието на Република Македонија, во името на предлагачите, го повлекувам предлогот, а замолуваме, како предлагачи, да учествуваме во расправата и потоа во наоѓањето на решенија за една состојба, што сигурно со еден ваков закон не можеме да решиме еден проблем кој што сите заинтересирани страни треба да сфатат дека е еден од приоритетите

**Слободан Најдовски:**Благодарам.Предлогот е повлечен.

**Минуваме на точка 20 - Барање за автентично толкување на членот 13 став 2 и член 22 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од пратеникот Марија Којзеклиска**.

Барањето и извештајот на Законодавно- правната комисија ви се доставени.

Отварам претрес.

Молам кој бара збор.

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слидниот заклучок:

Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентичко толкување на член 13 став 2 и член 22 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, подносено од пратеникот Марија Којзеклиска не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие членови, од причините соджани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до пратеникот Марија Којзеклиска.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 47 гласале за, 2 воздржани и 7 против.

Со оглед на тоа нема гласано преку 60 пратеници, ги молам службите да го утврдат точниот број со господинот Алити и господинот Кралевски, без господинот Трендафилов, Ристо Пејовски, Шајновски и Блаже Стојановски.

Во моментот на гласањето биле присутни 60 пратеника што значи гласањето не е валидно.

Го повторуваме гласањето и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеника, гласале 58, за гласале 45, воздржан 1, и 12 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 21- Предлог на декларација за подршка на борбата против корупцијата во Република Македонија**.

Предлогот на декларацијата, извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, и мислењето на Владата на Република Македонија, ви се доставени односно поделени.

Процедурално за збор се јави господинот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван подпретседателе, од името на пратеничката група на ВМРО - Народна партија, а заради дополнителни колсутации во врска со амангманите што ги имаме поднесено бараме еден час пауза.

**Слободан Најдоски:** Прво да го отвориме претресот по текстот на предлогот на декларацијата.

Давам пауза еден час, значи до 15 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Претресот по текстот на Предлогот на декларацијата е отворен.

Пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски поднесоа амандмани на насловот на Предлогот на декларацијата, за менување на точката 3, за додавање нова точка 3-а по точката 3, за менување на точката 4 и на точка 7, по кои предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани за менување на точка 2 за додавање нова точка 2-а по точката 2 и за бришење на точката 4, по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на декларацијата, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Господиное Најдовски, како прв потпишан, претпоставувам и овластен претставник има збор.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Разгледувајќи го амандманот поднесен од групата пратеници од ВМРО-Народна партија, навистина не гледав некоја поголема разлика од менување на насловот помеѓу зборот декларација и зборот резолуција. Но, со оглед на тоа што предлагачите сметаат дека самиот наслов-Резолуција, има

поголем обврзувачки карактер отколку зборот Декларација, ние, во името на предалгачите ќе го прифатиме овој амандман, иако сметаме дека и едното и другото, пред се, претставува изразување на политичка волја и желба за спроведување на одредена активност.

Така што, овој амандман го прифаќаме, поднесен од ВМРО-Народна партија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел, сега ќе биде на Резолуцијата. Место Декларација, ќе биде Резолуција. И во текстот резолуција.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Овој амандман не го прифаќаме, со оглед на тоа што дел од она што се предлага во амандманот од госпоѓа Бонева претставува и онака законска обврска што треба да се исполни. Сметам дека ние не можеме со изразување на волја, со Декларацијата да покажуваме дали ќе исполнуваме или нема да исполнуваме одредени законски одредби.

Од тие причини овој амандман не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи има многу пријавени, нека се откажат сите да завршиме со амандманите, па потоа ќе побарам кој бара збор, па ќе се јавите. Ова е потребно за да можам да следам кој бара збор по амандманите.

Ве молам.

Ве молам, сите кои сте пријавени за збор по текстот на законот, бидејќи немаме општа расправа овде.

Сега прашувам кој бара збор по амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да гласаме по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме по амандманот.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата бидејќи ова е последна точка на дневниот ред, за да не се случи да ја одложиме седницава.

Не знам дали ќе биде за утре, меѓутоа во секој случај би било коректно да ја завршиме точката од дневниот ред. Сите ангажмани што јас ги имам се поместени и навестени се после 17,00 часот. Имаме време до 17,00 часот да ја завршиме оваа точка.

Ги молам службите нека го утврдат бројот на пратениците.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците).

Со жалење, морам да констатирам дека десетте минути за кворум ќе ги вклучам.

(Десетте минути за кворум течат).

Благодарам. Сега сме 61. Значи амандманот го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 47 пратеника, 5 за, 1 воздржан, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претртес по амандманот за додавање нова точка 2 по точка 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** И овој не го прифаќаме со оглед на тоа што тој е поврзан со претходниот амандман. Образложението е исто. Сметам дека треба текстот да биде само составен од она што ние како пратеници можеме да го направиме и да не зборуваме за она што ние навистина не можеме да го направиме и што е во рамките на други надлежни институции кое што е со закон таа материја е регулирана.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Амандманот кој што го предлагаме се однесува на тоа дека пратениците во Собранието на Република Македонија, како и сите избрани или именувани функционери, службени лица, или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, се согласуваат дека по донесувањето на Декларацијата за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија, јавно ќе ги објават анкетните листови за имотната состојба.

Зошто го предлагаме ова решение? Декларацијата која што ја имаме пред нас гласи: Декларација за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија. Во самата Декларација.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо Силвана, првиот амандман го прифативме и сега Резолуција. Не декларација, туку резолуција.

**Силвана Бонева:** Благодарам на сугестијата. Значи да објаснам зошто бараме додавање на нова точка 2-а по точката а, сметаме дека Резолуцијата која што треба да ја донесе Собранието на Република Македонија, ако треба да произведе некакво дејствие, не е работата пратениците и јавните или именувани функционери, службени лица, или одговорни лица

во јавните претпријатија само на моментот кога стапуваат на функција, да ги даваат своите анкетни листови, туку и во моментот на носењето на оваа Декларација, треба да ги ставаат на увид на јавноста своите имоти, за да може да се следи што е тоа, какви се промените кои што се направени во текот на нивниот мандат, какви промени имаат на почетокот и на завршетокот на функцијата, бидејќи во овие три години имавме многу носители на јавни функции кои што имаа промени.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам госпоѓо Бонева се интервенира дека тоа не е тој амандман.

**Силвана Бонева:** Па како, амандман на точка 2 кажа претседателот.

**Љупчо Јордановски:** Точката 2 по точка 2.

(Го чита амандманот). Тоа е амандманот 2, бидејќи претходниот амандман не бевте тука. Ако мислите на тој.

**Силвана Бонева:** Јас го образложував амандманот што вие го прочитавте господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Имате право на коментар господине Најдовски. Тој амандман на точка 2 по точка 2. Повелете.

**Силвана Бонева:** Значи зошто го предлагаме повторно ќе кажам овој амандман. Заради тоа што досега многу именувани и избрани функционери, кои што беа избрани од Собранието на Република Македонија имаа премини од една во друга функција, меѓутоа, не знаеме со каков имот тие ја завршиле функцијата на која што биле именувани. Да не зборуваме колку министри поминаа од друга функција, колку министри престанаа да бидат министри. Значи не е само суштината во оваа Декларација, како што беше предложена, пратениците да бидат тие кои што ќе го дадат на увид на јавноста имотот, односно анкетните листови со кој ќе се види нивната имотна состојба на почетокот на мандатот. Наша интенција е да се следи цело време состојбата со имотот на сите избрани и именувани функционери и со денот на стапување на сила на оваа Резолуција, тие да ги стават на увид состојбите на своите сметки и своите имотни состојби. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски повелете дообјаснете.

**Слободан Најдовски:** Јас повторно ќе кажам дека госпоѓа Бонева сакајќи да дискутира по овој амандман, дискутираше за претходниот амандман кој што пратениците на Собранието на Република Македонија не го усвоија, а сега расправаме за амандманот по точка 2 се додава нова точка 2-а која гласи, онака како што вие господине претседателе го прочитавте тој амандман. Што значи, дискусијата јас прифаќам, дека таа сакаше да ја искористи приликата што не беше додека требаше по претходниот амандман да дискутира, но овој амандман кој што сега е на расправа, прво оваа проблематика е регулирана во Законот за спречување на корупцијата. Во Глава 3, сега да не цитирам целосно е предвидено и обврска е на секој носител на јавна функција, избран или именуван, или сите што подлежат на закон за спречување на корупцијата, после завршувањето на функнцијата што ја обавувал, или после унапредување, промена на неговиот имот во соодветна форма, за тоа да поднесе известување до Комисијата за спречување на корупцијата. Така да тоа е законска регулатива.

Второ, амандманот кој што госпоѓа Бонева сега го предлага, не претставува ништо друго туку ги скратува точките 2 и 4, што ние ги предложивме во Декларацијата сега во Резолуција и ги прави уште потесни од она што ние го имавме овде предложено. Имено, заради тоа што да биде јавноста информирана. Ние во едниот во точка 2, имаме предвидено дека пратениците се согласуваат на јавно објавување на анкетните листови за имотната состојба поднесени при отпочнување на мандатот, односно истите да бидат достапни до медиумите.

Во точка 4 имаме пратениците во Собранието на Република Македонија ги повикуваат сите носители на јавни функции и лицата кои располагаат со средства во државна сопственост да ги направат истите активности како и пратениците. Што значи, ова што е предложено во амаднманот е ставено во Декларацијата, односно сега Резолуцијата во точките 2 и 4. Затоа овој амандман наместо да го подобри текстот, тој го стеснува значењето на текстот на сега веќе Резолуцијата. Со оглед на тоа што госпоѓа Бонева во нареден амандман предвидува точката 4 да се брише и од тие причини неможе да се прифати овој амандман, заради тоа што е многу потесен опфатот, кој што таа го предлага. Ние напротив, сакаме со Декларацијата односно Резолуцијата да бидат опфатени поголем број на носители на јавни функции, а не помал број. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, имате реплика од три минути.

**Силвана Бонева:** Господине Најдовски вашата Декларација е чист театар. Многу добро кажавте дека имаме закон за спречување на корупцијата. Ако сакавте вистинска борба против корупцијата и вие и вашата Влада, немаше да носите Декларација за поддршка на борбата против корупцијата, туку ќе направевте измени во Законот за спречување на корупцијата, односно начелото на јавноста кое што е дадено во член 6 ќе го имплементиравте и за анкетните листови, значи на членот 36 ќе додадевте дека службената тајна, која што е предвидена за анкетните листови кои што ги даваат функционерите и сите други избрани и именувани лица, се тргнува и стануваат јавни анкетните листови. На тој начин веќе, немаше да има потреба ние да дискутираме. Значи тогаш и вие и Владата ќе покажевте добра волја, дека во секој момент ќе може да се следи имотната состојба на сите избрани и именувани

функционери. Ваква Декларација, каква што носите вие, во која што борбата против корупцијата ја сведувате само на тоа дека пратениците се должни на почетокот на мандатот да ги дадат анкетните листови на увидот на јавноста, а ги повикувате функционерите исто така, да го прикажат својот имот и не правите ништо друго, туку еден обичен театар, бидејќи пратениците се најмалку тие кои што можат да бидат корумпирани. Да не зборуваме за пратениците на опозицијата. Извршната власт е изворот на корупцијата во оваа држава. И ако нешто треба да направиме, тоа е да го промениме Законот за спречување на корупцијата и таму да го ставиме начелото на јавноста кај анкетните листови и да ставиме обврска во текот на целиот мандат на функционерите да се следи нивната имотна состојба. Значи, тоа ќе беше добра волја од ваша страна и од страна на Владата, а не да добиваме мислење од страна на Владата, која што потврдува една ваква штура декларација.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски, контра реплика.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе јас барам збор, а не реплика.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски ако барате збор, нема да имаме кворум и нема да го донесеме, а јас ќе ја одложам за некои подобри времиња, кога ќе имаме време.

**Слободан Најдовски:** Тоа е ваше право.

**Љупчо Јордановски:** Гледам пратениците си заминуваат, јас треба да бројам 61 тешко, повелете.

**Слободан Најдовски:** Прашањето за кое што дискутираме е сериозно. Ние како пратеничка група од ЛДП кои што ја поднесовме оваа Декларација, сакаме отворено да разговараме за ова прашање и тука еве ги пратениците се присутни.

Пред се, сакам да кажам со оглед на тоа што веќе еднаш слушнав расправа на Комисијата за општествено-политички систем од страна на ВМРО-ДПМНЕ олицотворена преку госпоѓа Бонева дека ова е политички памфлет, денес слушам дека ова е театар. Јас доаѓам од градот Битола и таму има една институција, со која што ние како град се гордееме, тоа е театарот и театарот е сериозна работа за која што вие госпоѓа Бонева зборувате и немојте така потценувачки кон театрите. Тоа е првата работа што сакам да ви кажам.

Втора работа, јас како потпретседател на Собранието и како пратеник редовно ги читам известувањата, односно извештаите што наши делегации кои што ќе одат во посета во институциите Во Европа, што таму зборуваат и што таму и велат. Госпоѓо Бонева, пред неколку дена беше во една делегација од Македонскиот Парламент во Брисел, каде што токму се зборуваше за корупцијата и спречуањето на организираниот криминал. И во тоа известување кое што го има едно од прашањата е следно. Се вели дека во државите кои што се борат против корупцијата и криминалот во Западниот Балкан, од посебно исклучително значење е изразувањето на политичка волја на учесниците во политичкиот живот. И, значи ли тоа дека смета госпоѓа Бонева дека и институциите од Европа се театар кој што на ваков начин ни се обраќаат и на ваков начин ни предлагаат, пред се да ја изразиме силната политичка волја како партиципиенти во политичкиот живот во Република Македонија за борба против корупцијата.

По однос на прашањето на тоа, овде само би рекол уште, нека направи добра разлика помеѓу политичка волја и добра волја. Тоа е огромна разлика.

По однос на прашањето дека пратениците од позицијата имаат повеќе можност за корумпираност, пратениците од опозицијата немаат, госпоѓо Бонева да се расчистиме едно. Токму тоа предлагаме да се направи јака дистинкција помеѓу пратениците во Републичкиот Парламент, и да видиме кој во својот работен век, кој во својот живот бил корумпиран, кој не бил. И затоа што тоа неможиме сите подеднакво да ние ја носиме на својот грб. Ако е Слободан Најдовски корумпиран, не значи дека Илија Србиновски е корумпиран. Или ако Илија Србиновски е корумпиран, не значи дека Слободан Најдовски е корумпиран. И за тоа треба да ја направиме дистинкцијата.

И на крајот госпоѓо Бонева, ќе ви се обратам лично. Најмалку мислам дека од ВМРО-ДПМНЕ вие сте корумпирани. Најмалку мислам. Али се прашувам зошто останатите членови на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ве испратија вие да зборувате. Многу повеќе би можел да зборувам со останатите членови на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на корупцијата.

**Љупчо Јордановски:** Ова е реплика, и такви иновации ќе имаме, збор-реплика бидејќи е предлагач.

Госпоѓо Бонева повелете, имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, не е цел на нас пратениците да седиме овде во Парламентот на Република Македонија и да глумиме борба против корупцијата. Ние сме законодавен дом, да ве потсетам и ние сме тие кои што треба да гледаме и да знаеме што е тоа, кои одредби од законите спречуваат некои дејанија или дејствуваат негативно на целокупната општествена состојба, поврзана конкретна со борбата против корупцијата и да нудиме промена на законите.

За тоа што зборувавте дека на тој начин вие ја кажувате вашата политичка волја, вашата политичка волја и волјата на парламентарното мнозинство ја кажавте уште за време на

предизборната кампања, ако сакате и ќе ви прочитам цитати од вашата предизборна кампања. Меѓутоа, што направивте во овие три години за борбата против корупцијата, освен јавно, јасно декларирана заложба за борбата против корупцијата. Што направивте вие после јасно искажаниот став на бившиот премиер дена не може да се справи со корупцијата внатре во сопствените редови во сопствената Влада, а денес имаме континуитет на таа Влада. Тоа е истата старонова Влада, значи истата Влада за која претходниот премиер велеше дека толку е корумпирана и не може да се справи со неа и си дава оставка. Кои чекори вие ги направивте и сега што сметате дека ќе постигнете со една ваква декларација, со која тврдам дека го пренасочувате вниманието од изворот на корупцијата, тоа е Владата, извршната власт на пратениците кои што немаат апсолутно никаква ммоќ во моментот да прават некои коруптивни дејанија. Тоа беше моето кажување, не ги изврувајте ги зборовите кој е повеќе или помалку корумпиран. Тоа ќе си го каже антикорупциската комисија, сите имаме дадено свои анкетни листови и тие ќе кажат дали некој е корумпиран или не. Тие го имаат правото да ги испитуваат нашите имоти. Наша заедничка цел треба да биде, наша заложба треба да биде не само да се декларираме дека ќе се бориме против корупцијата, туку да кажеме што треба конкретно да промениме во законите и да ги обврземе оние кои сме ги избрале во овој Парламент, односно вие сте ги избрале, а тоа се претставниците на извршната власт, да им ги скратиме нивните можности за коруптивно однесување. Една од тие можности е непосредните спогодби и спогодбите во 4 очи. Дајте да видиме кои закони треба да ги промениме за да нема непосредни спогодби и да нема можност за корупција. Значи, во тој правец треба да се движи нашата дискусија, а не во квалификации едни на други и расправии.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ што барате?

Процедурално, повелете три минути.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, јас предлагам да се вратиме бидејќи ова е амандманска расправа, инаку сме пријавени за збор и протестирам против начинот на кој се води оваа амандманска расправа, посебно од последниот дискутант, а во поглед на тоа што е направено и како е направено, се надеваме дека по текстот на актот ќе добиеме збор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ, процедурата воопшто не е прекршена. За ваква расправа треба двајца, а двајца имавме.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат за да можеме да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(по пребројувањето од страна на службите)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(неколку пратеници влегуваат во салата)

Благодарам, сега има доволен број пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници присутни во салата, гласале 54 пратеници, 6 пратеници гласале за, 3 воздржано и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 3, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски и Ристо Пејовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа со образложението за претходните амандмани. Сметам дека во текстот е подобро решено, со оглед на тоа што така како што е предложен амандманот има стеснување на оние што се обврзани да го направат она што е предложено со Резолуцијата.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Трендафилов.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ќе го прочитам амандманот кој господинот Најдовски не го прифати. Тој гласи:

"Пратениците во Собранието на Република Македонија, Претседателот на Републиката, претседателот на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија. замениците на министрите во Владата на Република Македонија, државните секретари и советниците во Владата и министерствата, судиите, Јавниот обвинител на Република Македонија, јавните обвинители и нивните заменици, Јавниот правобранител и неговите заменици, претседателот и членовите на Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, како и сите други носители на јавни функции на државно и локално ниво, градоначалниците, советниците на општинските совети, градоначалникот на Град Скопје и советниците во Советот на град Скопје ќе го изнесат во јавноста потеклото на својот имот и имотот на членовите на потесното семејство, сопруг, сопруга, деца и родители". Значи за онаа прва наследна линија господине Најдовски, бидејќи во тек во Собранието и во јавноста е

расправата за реорганизација на судството, јас целосно се согласувам со вас дека никој од нас овде поединечно не сака неговото име да се врзува за било какви незаконски активности додека е на должноста пратеник во Собранието на Република Македонија. Но овие институции овде што се наброени се исто така именувани од институциите кои на местото и на своите позиции дошле по пат на избори. Овде станува збор за луѓе кои во своите редовни обврски имаат концентрирано огромна и политичка и инзвршна и финансиска моќ.

И конечно, на крајот на краиштата, зарем вие сакате да го лишиме од правото, а верувам дека господинот Пенов гори од желба да го изнесе потеклото и сопствениот имот додека бил градоначалник на Градот Скопје. Излегувајќи во пресрет на иницијативата и токму имајќи предвид еден лидер на политичка партија кој за жал,поради тоа што не е пратеник неможе да го изнесе својот имот во јавноста, значи имотот негов, на сопругата, на децата и на родителите, токму поаѓајќи од тие причини сметаме дека овој амандман треба да се прифати, затоа што во Собранието е концентрирана законодавната моќ, комисиите ја немаат финансиската моќ. Финансиите се концентрирани како што реков во институциите кои сега ги набројав, во извршната власт, институциите кои имаат политичка моќ да донесуваат одлуки и решенија и во институциите кои имаат на располагања финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Овој амандман е сосема во духот на она што вие во образложението го пишувате и велите: "Македонското општество е заразено од корупцијата". Зарем мислите дека овие институции треба да ги изземеме од Македонското општество? Македонското општество, секоја чест на вас како пратеници, но не мислам дека македонското општество е огледало на она што се случува секогаш во Собранието на Република Македонија. Со други зборови, подршката на овој амандман ќе значи дека она што вие сте го детектирале и во образложението во предлог текстот, веќе на резолуцијата одкако го прифативте прviот амандман ќе значи дека ние како Собрание навистина сме решени нешто да направиме.

Од тие причини, уште еднаш би ве повикал и би ве охрабрил да размислите во насока како што размисливте кога го прифативте првиот амандман и од декларација да стане резолуција, која како документ има обврзувачки карактер кон институциите кои треба да се прилагодат во духот на текстот кој на крајот како пратеници денес ќе го усвоиме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски збор или реплика? Повелете имате три минути.

**Слободан Најдовски:** Не е толку реплика колку да доразјасниме само некои работи.

И во образложението кога не го прифатив амандманот кажав дека немам ништо против сите овие што се наведени овде во овој член. Само молам да се доразбереме. Молам без дофрлување.

Дека немам ништо против вака како што се наведени. Но, вака како што ги имате наведено е потесно и помалку има опфат отколку што е наведена во точката 2 и точката 4 од Резолуцијата, сега. Затоа што овде ги имате наредено поименично. И, токму ова на што вие потенцирате и за нашиот лидер, вака како што вие предлагате, тогаш нема да биде опфатен. А, така како што ние предлагаме е опфатен. Или пак, ако не мислите и мене ми е драго тоа што мислите дека скопјани сега го бараат повторно за градоначалник, откако видоа дека вашиот кандидат не му е дораснат за функцијата. Ако така мислите така го имате предложено овде како градоначалник на Скопје, тогаш е во ред.

**Љупчо Јордановски:** Господине Гештаковски, што барате вие? Да го поддржите амандманот?

Ајде, во дискусии по амандмани да немаме реплики.

Прво, господинот Трендафилов една минута контрареплика, па после вие господине Гештаковски.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, господине Најдовски јас ве сфатив дека вие сепак ќе го поддржите предложениот амандман. Вие го спротивставувате ова:

"Пратениците во Собранието на Република Македонија ги повикуваат сите носители" и така на јавни функции. Значи, нема ние што да повикуваме. Затоа инсистиравме да биде резоллуција. Ќе се обврземе. Значи, нема во иднина да зависи од добрата волја.

И на крајот ве охрабруваме да излезете со конкретни законски решенија и априори ја имате поддршката од пратеничката група на ВМРО - Народна партија. Значи, очекувам да го поддржите овој амандман, затоа што ако некого сме го испуштиле, вие можете да интервенирате и да кажете кого сме испуштиле. Ќе го дополниме, не е проблем списокот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Гештаковски, Повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Јас, навистина не гледам никаква логика од предлагачите овој амандман да не се поддржи. Зошто ние да штитиме некого. Немаме потреба никого да штитиме. Од премиерот, до најнискиот локален раководител треба да биде постојано демнет од органите на власта. Треба да ја повикаме Комисијата за борба против корупцијата, државниот јавен обвинител, Министерство за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, на сите избрани и именувани функционери, ама буквално, нон стоп да им "дишат во врат". Да не ги оставаат раат. Никој да нема мирен сон и никој не треба да се заштитува.

Ако има проблем со кадровската екипираност, ако имаат проблем со просторот, ја молам Владата уште еднаш да им удоволи на се и да овозможи услови на Комисијата за борба против корупцијата. Нека има 20 финансиски експерти, само кои ќе работат на анкетните листови. Знам дека сега се проширува нивната работа. Но, затоа предлагам и просторно и кадровско екипирање на тие органи. Буквално, ниту еден избран или именуван функционер да не остане секојдневно без проверка од тие органи. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитувани колеги пратеници,

Ја разбирам целта на оваа, првична декларација, а потоа прифатена како Резолуција, значи не е седно дали е декларација или резолуција, затоа што декларацијата е израз на политичка волја, а резолуција претставува акт има обврзувачки карактер на оној на кого се однесува. Прашањето за почитување на резолуциите и на одлуките, како што се донесени во ова Собрание, е друго прашање. Меѓутоа, факт е дека предку декларација не можат да се решат овие проблеми. Целта на овој амандман и воопшто целта на оваа декларација, односно сега како што стои Резолуција не треба да биде само изразување на некаква волја, туку треба да биде, пред се, давање придонес во вистинска борба против корупцијата, што навистина претставува сериозен проблем за нашата држава. Впрочем, тоа е евидентно и од оценките што ги имаме во овој поглед од страна на многу релевантни институции.

Меѓутоа, прашањето на опфат на лица кои треба да бидат предмет на објавување на сопствениот имот, не е прашање што само треба да се постави на пратениците во ова Собрание, затоа што реалната борба против  корупцијата бара, пред се, јавен увид на имотните состојби на оние кои располагаат со средства од Буџетот на Република Македонија, оние кои практикуваат корупција преку вработување или на друг начин што им го овозможува нивната функција.

Ние, како пратеници немаме ниту можност да влијаеме на трошењето на средствата од Буџетот, ниту пак имаме можност да влијаеме на директен начин во сфери што ќе значат зголемување на корумптивноста во Република Македонија. Меѓутоа, и покрај тоа, јас се согласувам дека како пратеници треба д бидеме дел од оваа Резолуција. Меѓутоа, не само пратениците, за кои што, онака како што е предложено би се покажало со прст дека тие се тие кои претставуваат проблем во смисла на борбата против корупцијата и нивното објавување на имотните листи би го решило тој проблем или би дало придонес за решавање на тој проболем. Туку, напротив, сите оние кои можат директно да влијаат на зголемувањето на корупцијата во Република Македонија да бидат опфатени на директен начин со објавувањето на нивната имотна состојба, па врз основа на тоа да може да се води реална битка против корупцијата во Република Македонија.

Меѓутоа, факт е еден дека, тоа што беше овде наведено како цел, како можна цел на оваа декларација, а тоа е фактот дека оваа декларација може да претставува само памфлет што ќе значи - еве, покажуваме волја, тргнуваме од нас, меѓутоа тука застануваме и понатаму оставаме на другите институции тоа да го прават. Сметам дека ќе го докажеме, доколку не биде прифатен овој амандман. Напротив, доколку биде прифатен овој амандман, заедно со насловот на оваа декларација како облигаторен документ, како Резолуција, што треба да продолжи во иднина со охрабрување на предлагачите и понатаму да можат да продолжат со законски измени, односно со измени што ќе значат подобрување на текстот што им оневозможува на државните органи оперативност во одвивањето на борбата против корупцијата, тоа ќе биде еден дополнителен чекор од страна на ова Собрание што ја има својата надлежност во овој дел.

Меѓутоа фактот што ние  како што е наведено во точката 4 од Декларацијата ги повикуваме . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, ќе имаме општа расправа по текстот за амандманот, немојте да зборувате за  точка 4, точка 5.

**Блаже Стојаноски:** Точка 4 се однесува токму на амандманот. Затоа што во точката 4 од Декларацијата стои дека пратениците во Собранието ги повикуваат. . .

**Љупчо Јордановски:** Тоа се однесува на точката 3. Не се менува точката 4, точката 3 се менува. Имате можност по текстот да го кажете тоа што мислите за сите точки. Сега расправаме за точката 3 и амандманот на точката 3.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, се однесува на содржината на амандманот 2 кој што со декларацијата е предвиден само како повикување на сите носители на јавни функции, и лицата кои располагаат со средства од државна сопственост да ги направат истите активности, а ние со овој амандман предлагаме сите оние кои што се наведени во тој амандман, да не ги повторувам повторно да имаат обврска да ги јавно објават имотните листи, онака како што тоа се предлага на пратениците во Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Добро.

**Блаже Стојановски:** Значи, зборувам за амандманот и кажувам дека решението кое што е предвидено во Декларацијата  за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија во точката 4 не е доволно за да се направи вистински израз на политичката волја на ова Собрание во поглед на обврските кои треба да им бидат дадени на носителите на јавни функции кои располагаат средства од разни буџети, дали тоа се општински или државен

буџет, како и оние кои се носители на високи функции, а кои можат врз основа на спроведувањето на нивните надлежности да вршат коруптивни активности.

Од овие причини сметам дека Собранието, со усвојувањето на ваков амандман кој ќе биде задолжителен за другите носители на јавни функции, ќе покаже дека неговата позиција, како највисок законодавен дом, не е подредена на извршната или на некоја друга власт, туку директно ќе покаже дека го почитува уставниот принцип, Собранието како највисок законодавен дом, како народни избраници во ова Собрание кои директно вршиме контрола на работењето на останатите вршители на функции кои произлегуваат од извршната власт.

Заради сите овие причини, сметам дека предлагачот треба да го прифати овој амандман. Впрочем со тоа ништо нема да губи Република Македонија,напротив ќе се покаже една посилно изразена волја за вистинска борба против корупцијата во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Јас не знам зошто ова Собрание има тенденција, можеби кај сите нас пратеници постои некој набој, секогаш од свој агол ги гледаме работите.

Во ЛДП сметавме дека оваа Декларација навистина лесно ќе помине, ќе ја изразиме волјата, со оглед на тоа што декларациите, резолуциите се пред се изразување на волја. Сметавме дека навистина тоа е една добра работа и би рекол, без малку сите тука ќе ја прифатат. Но скајки ние како ЛДП во јавноста да не произлезе нешто сосема друго од она што го имаме ние предложено и така како што некои колеги пратеници сакаат да пренесат дека некого сакаме да заштитуваме, еве сум подготвен да направиме, некомпромис, туку едноставно да го дефинираме на следниот начин, до колку колегите предлагачи на овој амандман се согласат, ние после како предлагачи ќе го предложиме како амандман, додека трае расправата, наместо точката 3 се менува и гласи, како што се кажа, да стои, точката 4 се менува и гласи, што значи до точка 3 си остануваат и понатаму.

Со оглед на тоа што во точката 2, за пратениците е дадена обврската, предлагаме тогаш од овој амандман да се исфрлат само пратениците од Собранието на Република Македонија, бидејки се дадени во втората точка, цел текст натаму да остане така како што го предлагаат колегите од ВМРО-Народна партија и да биде како точка 4 на предложената резолуција. Од наша страна како предлагачи по однос на тоа навистина нема проблем. Не сакаме да предизвикуваме билокакви двоумења по однос на предложената, сега веќе резолуција. До колку постои согласност, тоа можеме да го направиме.

**Љупчо Јордановски:** Кој е овластен претставник да се изјасни по овој предлог?

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ние ја прифаќаме сугестијата на предлагачите, веќе, на резолуцијата. Се издвојува само, пратениците на Собранието на Република Македонија, а остатокот од амандманот, почнувајки од Претседателот на Републиката, останува ист и тоа е сосема прифатливо за во точка 4.

**Љупчо Јордановски:** Значи вие го повлекувате амандманот. До крајот на седницата ќе следи ваков амандман.

Во секој случај ќе направиме вака: до крајот на расправата овој амандман ќе биде доставен и во тој случај ќе го повлечат амандманот предлагачите.

Ја затворивме расправата соовој амандмна.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 3 по точката 3, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Тоа е истиот.

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по амандманот за бришење на точка 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**Слободан Најдовски:** Сега беспредметен е амандманот.

**Силвана Бонева:** Точно дека е беспредметно да се расправа зошто предалгавме да се брише точката 4. Мило ми е што предлагачот увиде дека пратениците во Собранието на Република Македонија не се за тоа да ги повикуваат носителите на јавни функции и лицата кои располагаат со средства во државна сопственост, туку, ние сме законодавен дом и пратеници кои треба да даваат обврски на носителите на јавните функции. Најважно од се е законодавната обврска која произлегува од носењето на закони во Собранието. Од овие причини баравме да се брише точка 4. Меѓутоа во точка 2, до колку има расположение, бидејќи има веќе нарпавено еден чекор напред, пратеничката група на ЛДП, во функција, да се разбереме сите, бидејки мислам и нивната и нашата цел е една.

Ценам дека во точка 2, наместо да се издвојуваат само пратениците во Собранието на Република Македонија, дека се согласуваат на јавно објавување на анкетните листови, во точка 2 треба да биде содржано се она што е содржано во точка 3. Значи пратениците, сите јавни избрани функционири, Претседател на држава, Влада на Собрание на Република Македонија, значи сите носители на јавни функции и луѓе кои се во допир со државен капитал, сите да бидат вметнати во точка 2. На тој начин нема да бидат одделувани пратениците од сите други носители на јавните

функции. Мислам дека многу ќе биде подобро, до колку вака биде концепирана точка 2 од Декларацијата, без да бидат делени пратениците на една страна, а сите други носители на јавни функции и луѓе кои располагаат со државен капитал, да бидат ставени во точка 4.

**Љупчо Јордановски:** Што е проблемот? Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Нема претседателе никаов проблем, но јас навистина сакам да направиме текст кој ќе биде општоприфатлив за сите пратеници и текст сокој ние како пратеници ќе излеземе со јасно изразената волја. Но овде госпоѓа Бонева не знам што сака. Или не се следи расправата, илине знам што е целта.

Амандманот за кој ние веќе се согласивме, тој е по точка 4, го опфати се она што госпоѓа Бонева го дискутираше. Затоа би замолил сега со сета сериозност да пристапиме и да следиме навистина каков е текстот.

Овој амандман што сега го предлага, е беспредметен. Затоа сметам дека нависитна треба да седнеме и да направиме текст, еве од страна на пратеничката група на ЛДП ние ги прифаќаме сугестиите за подобрување. Тоа е нејзино право. Беспредметно е сега да се брише член 4, кога ние веќе прифативме да се измени член 4.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, во функција на подобро дефинирање, не на точката 4, туку јас предлагам точката 4 да биде точка 2, бидејки нема потреба пратениците да се издвојуваат од сите други носители на јавни функции. Значи вашата отстапка што беше да се прифати точка 3, значи амандманот 2, што пред малку беше од ваша страна прифатен, апсолутно, во исто време таа да биде точка 2, бидејки нема потреба пратениците да се делат од сите други носители на јавни функции и нема зошто да имаме нова точка 4. Тоа беше моето кажување.

**Љупчо Јордановски:** Господа не можеме да се убедиме. Кажавме аргументи и дајте ве молам да пристапиме кон гласање.

Повелете господине Апостоловски, процедурално.

**Никола Апостоловски:** Предлагам колешката Бонева да го повлече амандманот од причини штопредлагачите се изјаснија и се договорија дека ќе го прифатат амандманот на парламентарната група на ВМРО-Народна и во точката 3 да ги дефинираат сите носители, избрани и именувани лица, а работата да ја решиме подобро и со подобар текст, им предлагам на предлагачите да го прочитат и членот 122 од Кривичниот закон, кој ги дефинира носителите на јавни функции, избрани и именувани функционери, што стои и во Законот за борба против корупцијата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостоловски ова не е процедурално. Тоа е ваша расправа.

По процедура едино можеме амандманот да го гласаме или да не го гласаме, без разлика што е претходно прифатен еден амандман што ја менува точката 4.

Повелете господине Најдовски, како предлагач.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, сакам на кратко да се сослушаме.

Декларацијата односно сега резолуција коај ние ја предложивме, ЛДП смета дека е од исклучително државно значење за Република Македонија.

По оваа, сега Резолуција, по овој текст кој ние го иницаравме, сакаме да постигнеме општ политички консензус во Република Македонија. Тоа е едно од прашањата кои се најважни во овој момент за Република Македонија.

Поради тие причини би предложил, нашата цел не е да предизвикуваме конфронтации помеѓу пратениците и политичките партии. Напротив ние сакаме да постигнеме политички консензус по ова прашање.

Би предложил овде да ја прекинеме расправата.

Ние пратеничката група од ЛДП ги повикуваме координаторите на останатите политичките партии во Парламентот, да седнеме и заеднички да изнајдеме подобар текст. Прифаќаме секоја измена, но не она што госпоѓа Бонева на ваков начин сака овде да го имплицира. Затоа, не сакаме да се конфротираме на овој план.

Предлагаме овде да ја прекинеме седницата, повикуваме, од нашата пратеничка група, мислам дека половина час е доволно, ги повикуваме координаторите да се убедиме да ги усогласиме нашите различни размислувања. Ваше право е претседателе дали тоа ќе го нарпавите и дали сметате дека денес тоа можеме до крајот да го нарпавиме, или ќе ја продолжите седницата.

**Љупчо Јордановски:** Вие господине Најдовски, како предлагачи, имате право или да ја повлечете или да продолжите.Јас ќе го прекршам Деловникот, бидејки вие не сте координатор да побарате пола час пауза, да се договорите односно усогласите.

Јас ќе дадам пола час пауза и ќе продолжиме со седницата после половина час. Ако успеете да се договорите ќе ме известите.

Објавувам пауза од половина час, а потоа можете да ја повлечете, или ќе ја завршиме седницата.

(По Паузата, седницата продолжи со работа во 16,46 часот.)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници ве известувам дека усогласувањето сеуште не е завршено.

Затоа ги молам предлагачите и другите пратеници координатори, до утре до 11,00 часот да се усогласат, при што мислам дека овие амандмани што треба да бидат повлечени да се повлечат, нови амандмани од предлагачите нека се достават.

Продолжувам утре во 11,00 часот, но бидејќи тоа ќе биде еден можеби два часа, ќе продолжиме и со други седници. Ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 16,54 часот).